Република Македонија
ДРЖАВНА КОМИСИЈА
ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА

# ДРЖАВНА ПРОГРАМА
# ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И РЕПРЕСИЈА НА КОРУПЦИЈАТА

**Скопје, Мај 2007**

**Државна комисија за спречување на корупцијата**

**ДРЖАВНА ПРОГРАМА**
**ЗА ПРЕВЕНЦИЈА И РЕПРЕСИЈА НА КОРУПЦИЈАТА**

***Оваа публикација финансиски е поддржана од*** *USAID*

**Скопје, Јули 2007**

## *СОДРЖИНА*


| | | |
|---|---|---|
| | **ВОВЕД** | **5** |
| **1.** | **СОСТОЈБАТА СО КОРУПЦИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** | **7** |
| **2.** | **ДЕФИНИЦИЈА НА КОРУПЦИЈАТА** | **7** |
| **3.** | **ГЛАВНИ ЕЛЕМЕНТИ ЗА ПЛАТФОРМАТА НА ДРЖАВНАТА ПРОГРАМА** | **8** |
| **4.** | **ЦЕЛИ НА ДРЖАВНАТА ПРОГРАМА** | **8** |
| **5.** | **КАРАКТЕРИСТИКИ НА ДРЖАВНАТА ПРОГРАМА** | **9** |
| ***5.а*** | ***Систем за следење на работењето*** | **9** |
| **6.** | **ПРИНЦИПИ НА ДРЖАВНАТА ПРОГРАМА** | **11** |
| ***6.а*** | ***Почитување на човековите слободи и права*** | **11** |
| ***6.б*** | ***Превенцијата пред репресијата*** | **11** |
| ***6.в*** | ***Соработка помеѓу јавниот сектор, приватниот сектор и граѓанското општество*** | **11** |
| ***6.г*** | ***Прогресивност*** | **11** |
| ***6.д*** | ***Транспарентност и отвореност*** | **12** |
| ***6.ѓ*** | ***Постојаност*** | **12** |
| **7.** | **ПРЕТПОСТАВКИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА ПРОГРАМА** | **12** |
| ***7.а*** | ***Политичка волја*** | **12** |
| ***7.б*** | ***Изготвување на акциони планови*** | **12** |
| ***7.в*** | ***Организиран мониторинг*** | **12** |
| ***7.г*** | ***Проценка и корективни мерки*** | **13** |
| ***7.д*** | ***Проценка на финансиски импликации и финансиска подршка*** | **13** |
| ***7.ѓ*** | ***Меѓународна подршка*** | **13** |
| **8.** | **ПРИОРИТЕТИ ЗА УСПЕШНО СПРОВЕДУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА ПРОГРАМА** | **13** |
| **9.** | **НАЧИН НА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА ПРОГРАМА** | **14** |
| ***9.а*** | ***План на активностите*** | **14** |
| ***9.б*** | ***Предизвици*** | **15** |
| **10.** | **ПОДРАЧЈЕ НА ПРИМЕНА НА ДРЖАВНАТА ПРОГРАМА И АКЦИОНИОТ ПЛАН** | **16** |
| ***10.а*** | ***Систем за национален интегритет*** | **16** |
| ***10.б*** | ***Проблеми, активности и мерење на ефикасноста*** | **17** |
| ***10.в*** | ***Вкрстени или заеднички проблеми*** | **17** |
| ***10.г*** | ***Механизми за зајакнување на системот за национален интегритет*** | **18** |
| **11.** | **СОСТАВНИ ДЕЛОВИ НА ДРЖАВНАТА ПРОГРАМА** | **19** |
| **Графикон 1:** | ***Поддршка на системот на национален интегритет и развој на институционален капацитет*** | **21** |
| **Графикон 2 и 2а:** | ***Визуелен приказ на меѓусебното влијание на столбовите на системот за национален интегритет*** | **23** |
| | ***Акционен план за спроведување на Државната програма*** | **25** |
| | ***Матрици и проблеми карактеристични за одредени столбови на системот за национален интегритет*** | **41** |
| **Столб 1:** | ***Политички систем, Собрание и политички партии*** | **43** |
| **Столб 2:** | ***Правосудство*** | **57** |
| **Столб 3:** | ***Јавна администрација и локална самоуправа*** | **75** |
| **Столб 4:** | ***Органи за спроведување на законот / надзорни тела*** | **95** |
| **Столб 5:** | ***Економски и финансиски систем и приватен сектор*** | **113** |
| **Столб 6:** | ***Граѓанско општество, медиуми и синдикати*** | **129** |
| | ***Кратенки*** | **144** |
| | ***Список на учесници за изговување на Државната програма*** | **145** |

# Државна програма
# за превенција и репресија на корупцијата

## ВОВЕД

Согласно членот 49 став 1 алинеа 1 од Законот за спречување на корупцијата, (“Службен весник на Република Македонија”, број 28/2002, 46/2004 и 126/2006), Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст: Државна комисија) има надлежност и обврска да подготви и донесе Државна програма за превенција и репресија на корупцијата (во натамошниот текст Државна програма). Исто така, Државната комисија има законска обврска да донесува годишни програми и планови за остварување на Државната програма.

Државната комисија во јуни 2003 година, за прв пат донесе Државна програма за превенција и репресија на корупцијата, во која беа предвидени мерки и активности што требаше да бидат преземени со цел да се востанови ефикасен систем за превенција и репресија на корупцијата. Во текот на три години кои следеа потоа и по неговата речиси целосна имплементација, овој документ го потврди своето значење, не само за Државната комисија туку и за сите чинители на власта и граѓанскиот сектор. Во рамки на имплементацијата на Државната програма влегува донесувањето на поголем број нови и измени на постојните, и тоа повеќе од 40 закони од повеќе области, како и усвојувањето на амандманите на Уставот на Република Македонија, со цел да се обезбедат услови за започнување на процесот на реформите во правосудството.

Имајќи го предвид фактот што уште при нејзиното донесување Државната програма беше дефинирана како отворена за тековно менување и усогласување со актуелните состојби, во текот на 2005 година се изготви анекс за нејзино прво дополнување. Со Анексот на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата - Мерки за превенција и репресија на корупцијата во рамките на локалната самоуправа, со Акционен план за имплементација, на локалните власти им се препорачуваа бројни мерки и активности со чија примена ефикасно ќе се влијае на спречување на корупцијата на локално ниво.

Согласно годишните програми за работа, Државната комисија од 2004 до 2006 година одржа три последователни годишни конференции за оценка на имплементираноста на Државната програма од кои произлегоа заклучоци и препораки дека Државната програма се остварува, а Владата на Република Македонија и другите државни институции треба да обезбедат конкретно и интензивирано спроведување на Државната програма сé до целосно имплементирање на препораките и приоритетите вградени во програмата. Друг важен заклучок беше дека степенот на имплементираност на Државната програма генерално е задоволителен но резултатите во борбата против корупцијата во Република Македонија сé уште се незадоволителни. Сé уште постои впечатокот за недоволно експлицитно имплементирање на декларативно изразената политичка волја и недостига сеопфатна акција во насока на зајакнување на ефикасноста во борбата против корупцијата.

Ваквите оценки за степенот на имплементираност на Државната програма беа општи и засновани врз податоците за доненесени нови закони и усвоени законски измени. Ова беше резултат на утврдените приоритети за воспоставување на ефикасна правна и институционална рамка за превенција и репресија на корупцијата, вградени

во Државната програма. Откако по првите две оценки за имплентираноста на програмата се заклучи дека голем дел од препораките, посебно оние кои се однесуваат на измена на постојните и донесување на нови закони се имплементирани, а обврските од делот - Подрачје на примена на Државната програма - Мерки, се делумно имплементирани, еден од основните заклучоци од Втората конференција беше: ***"ДА СЕ ПРИСТАПИ КОН СЛЕДЕЊЕ НА СТЕПЕНОТ НА ИМПЛЕМЕНТИРАНОСТА НА ПРЕПОРАКИТЕ ПРЕКУ КОНКРЕТНИ ИНДИКАТОРИ НА ИМПЛЕМЕНТИРАНОСТ; СЕКРЕТАРИЈАТОТ НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА ЗАЕДНО СО ЕКСПЕРТИ ОД ПООДДЕЛНИ ОБЛАСТИ ДА ПРИСТАПИ КОН ИЗГОТВУВАЊЕ НА ИНДИКАТОРИ ЗА ИМПЛЕМЕНТИРАНОСТ ВО СЕКОЈА ОД ОБЛАСТИТЕ."***

Поради тоа, во текот на 2006 година Државната комисија започна со организирана активност за изготвување на потребните индикатори за имплементираност на Државната програма кои ќе овозможат оценка на степенот на имплементираност на Државната програма врз основа на емпириски показатели и изготвување методологија за проверка на имплементираноста врз основа на утврдените индикатори.

Резултатите од овој пилот - проект беа основа за препораката усвоена на Третата конференција за евалуација, новиот состав на Државната комисија да пристапи кон изготвување на Државна програма, која ќе биде надградба на постојната и насочена кон зајакнување на ефикасноста на системот за борба против корупцијата.

Препораките и заклучоците што произлегоа од анализата на индикаторите во областите на јавната администрација, правосудството, политичките партии, локалната самоуправа и економско-финансискиот систем, претставуваат основа за оваа државна програма за превенција и репресија на корупцијата.

Согласно законските обврски и изнесените заклучоци и препораки, како и Програмата за работа за 2007 година, новиот состав на Државната комисија, веднаш по конституирањето пристапи кон подготвување на Државната програма која ги содржи проблемите и мерките и активностите кои треба да се преземат со цел да се воспостави ефикасен систем за превенција и репресија на корупцијата.

Оваа Државна програма со Акциониот план за имплементација е заснована на прецизно утврдени индикатори за ефикасност.

Имајќи го предвид значењето на овој документ за кој треба да се постигне согласност помеѓу сите структури во општественото и политичкото живеење, потребата од мултидисциплинарност во пристапот, како и потребата да се обезбеди имплементација на сеопфатни и ефикасни мерки за превенција и репресија на корупцијата, Државната комисија во активностите на подготовка на Државната програма оствари ефикасна соработка со сите релевантни државни органи и институции, граѓанскиот сектор, медиумите и домашни и странски експерти.

Владата на Република Македонија јавно ја искажа својата поддршка на Државната комисија и се обврза дека ќе ја спроведе Државната програма и Акциониот план. За таа цел, во улога на почесен сведок, преку заменик - претседателот на Владата на Република Македонија одговорен за Европска интеграција, го потпиша и Меморандумот за разбирање и соработка меѓу Програмата на УСАИД за човеков и институционален развој и Државната комисија за спречување на корупцијата во однос на подржување на системот на национален интегритет и развој на институционалните капацитети на Државната комисија. Според Меморандумот, понатамошната заложба на Владата на Република Македонија за спречување на корупцијата, вклучува и создавање на управувачки одбор од висок ранг, кој го сочинуваат: заменик - претседателот на Владата за Европска интеграција, министерот за правда, министерот за внатрешни работи, претседателот на Државната комисија, претставник од Собранието на РМ, претставник од правосудството, претставник од Европската комисија и претставник од Американската агенција за меѓународен развој (УСАИД) и претставници на други странски донатори активни во оваа област со цел да го следи подготвувањето на Државната програма и Акциониот план.

Во прилог на ова, Секретаријатот за европски прашања и заменик - претседателот на Владата на Република Македонија одговорен за Европска

интеграција, помогнаа во изборот и вклучувањето на претставници од институциите во подготвувањето на Државната програма и Акциониот план.

Сепак, највидлив доказ за поддршката на Владата на Република Македонија во борбата против корупцијата ќе биде понатамошниот интензитет на напорите, посветеноста и материјалната поддршка за реализација на оваа Државна програма.

## 1. СОСТОЈБАТА СО КОРУПЦИЈАТА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Од анализите на системот за национален интегритет и на извештаите што се однесуваат на исполнување на европските стандарди и политичките критериуми за европска интеграција, произлегува дека во Република Македонија се уште не е воспоставен комплементарен систем на мерки за превенција и репресија на корупцијата, за што постојат неколку поголеми пречки кои можат да се систематизираат во групи, и тоа:

- недоволно воспоставен функционален систем на поделба на власта на законодавна, извршна и судска;
- нефункционирање на системот за заемна и хоризонтална контрола меѓу институциите (Систем за национален интегритет);
- недоволни капацитети на независните институции за превенција и репресија на корупцијата;
- неусогласеност на делови од националното законодавство со меѓународните стандарди;
- недоволна ангажираност на граѓанскиот сектор и на медиумите во јакнењето на свеста на јавноста;
- недоволна вклученост на меѓународната заедница во поддршката на антикорупциските проекти.

Корупцијата и недостигот од транспарентно владеење е најголема пречка за Република Македонија да стане членка на ЕУ и да постигне одржлив економски развој што ја ослабнува довербата на јавноста, ја поткопува довербата на инвеститорите во економијата и ја загрозува демократијата во Република Македонија.

Имајќи предвид дека корупцијата е спротивна на начелата за владеењето на правото и на пазарната економија, како и укажувањата од домашната и меѓународната стручна јавност за проблемите со кои во оваа сфера се соочува Република Македонија, во последните неколку години направени се неколку истражувања на јавното мислење и анализи за опфатот, причините и последиците од корупцијата. Според анкетите, во јавноста постои перцепција за висока застапеност на корупцијата, а странските инвеститори, пак, сметаат дека тоа е еден од клучните фактори што влијае за одвраќање на директните инвестиции неопходни за економски раст и отворање на нови работни места.

## 2. ДЕФИНИЦИЈА НА КОРУПЦИЈАТА

Поимот корупција е дефиниран во Законот за спречување на корупцијата, и тој подразбира:

***„ИСКОРИСТУВАЊЕ НА ФУНКЦИЈАТА, ЈАВНОТО ОВЛАСТУВАЊЕ, СЛУЖБЕНАТА ДОЛЖНОСТ И ПОЛОЖБА ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА КАКВА И ДА БИЛО КОРИСТ ЗА СЕБЕ ИЛИ ЗА ДРУГ“.***

## 3. ГЛАВНИ ЕЛЕМЕНТИ ЗА ПЛАТФОРМАТА НА ДРЖАВНАТА ПРОГРАМА

Од заклучоците презентирани во Извештајот од пилот - проектот за оцена на имплементираноста на Државната програма врз основа на индикаторите за ефикасност од 2006 година, произлезе општа оцена дека јавната администрација и понатаму е неефикасна, недоволно професионална, дека работи нетранспарентно и со недоволно познавање на материјалното законодавство во оваа сфера. Ова покажува дека за постигнување на задоволителен степен на имплементација на воспоставената правна рамка во оваа сфера, како и за создавање на професионална и ефикасна јавна администрација, неопходно е натамошно преземање на поголем број активности од страна на повеќе субјекти, кои ќе бидат добро организирани и координирани. За подобрување на поставеноста и работата на локалната самоуправа беше истакната потребата: општините да развијат повеќе форми на соработка со цивилниот сектор и граѓаните; градоначалниците да користат повеќе форми на транспарентност и отчетност кон граѓаните; да се засили меѓуопштинската соработка, како и да се зголеми соработката меѓу јавниот и приватниот сектор.

За подетално уредување на работата на политичките партии беше утврдена потребата од прецизно дефинирање на механизамите за контрола во однос на финансиското работење. Истакната беше неопходноста од натамошно дозаокружување на правната рамка во сферата на финансиското работење на политичките партии, а особено за контрола над финансирањето на изборните кампањи, како и за подигање на свеста на партиското членство за внатре-партиската демократија.

Заради отсуството на некои особено важни податоци и информации, одредени значајни области како, на пример, централниот буџет и фондовите, продажбата на државниот имот, јавните набавки и локалната самоуправа делумно или воопшто не можеа да бидат покриени со Извештајот од пилот - проектот за оцена на имплементираноста на Државната програма врз основа на индикаторите за ефикасност од 2006 година. Во тој контекст, посебно се издвојува локалната самоуправа како многу значајна област која воопшто не е опфатена со Извешатајот токму заради недобивањето одговор на доставениот прашалник до надлежните институции.

Во областа на правосудството беше согледана потребата за специјализиран однос и третман на проблемот на корупцијата, како и за зголемување на ефикасноста. Дел од препораките се однесуваат за потребата од соодветно организациско поставување и формирање на специјализирани организациски целини во смисла на зајакнување на капацитетите за ефикасна борба против корупцијата, зајакнување на транспарентноста во работата и почитување на етичкиот кодекс, со цел за ефикасно справување со корупцијата и организираниот финансиски криминалитет.

Поставените индикатори и покажаните резултати беа посочени како основа за натамошна анализа на состојбите во оваа сфера, а тие и препораките од Конференцијата беа основа за започнување на активностите за изготвување на Државната програма.

Наведените проблеми се опфатени со активности во рамките на Државната програма и Акциониот план, кој е заснован на прецизно утврдени индикатори за ефикасност.

## 4. ЦЕЛИ НА ДРЖАВНАТА ПРОГРАМА

Цели на Државната програма се:

- Усвојување на широко прифатен консенсуален систем на мерки за превенција и репресија на корупцијата кои ќе бидат поставени врз трајна основа;

- Воспоставување на систем на критериуми со индикатори за мерење и оценка на ефикасноста во спречување на корупцијата;
- Создавање на амбиент на ,,нула толеранција” кон корупцијата;
- Претворање на корупцијата од нискоризична и високопрофитна во високоризична и нископрофитна;
- Откривање и казнување на сторителите, како и одземање на материјална и нематеријална корист, предност, или погодност стекнати со криминално дејствување.

## 5. КАРАКТЕРИСТИКИ НА ДРЖАВНАТА ПРОГРАМА

Следејќи ја законската обврска за превенција и репресија на корупцијата, Државната комисија има за цел борбата против корупцијата во Република Македонија да ја води преку сеопфатни и добро осмилени активности и конкретни акции, чие остварување ќе се мери преку прецизно утврдени клучни индикатори за ефикасноста. Тие се вградени во Државната програма и Акциониот план.

Државната програма со Акциониот план ги има следните карактеристики:

1. Фокусирање на реални/мерливи резултати;
2. Управување преку Систем за мерење на работењето, кој што ги содржи и институциите и граѓаните во рамките на Системот за национален интегритет и општеството; и
3. Поддршка од страна на широк круг на релевантни органи и институции.

На овој начин Државната програма се претвора во механизам кој содржи систем на мерки и активности преку кои врз основа на емпириски податоци ќе може да се оценува ефикасноста во борбата против корупцијата. Ова понатаму ќе овозможи објективна оценка и дефинирање на ризичните точки, како основа за дополнително усогласување на антикорупциските политики и конкретни активности.

### *5.a. СИСТЕМ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА РАБОТЕЊЕТО*

***ЦЕЛ***

Системот за следење на работењето на Државната комисија за спречување на корупцијата ќе овозможи да се следат промените во активностите/акциите кои се неопходни за намалување на ризиците или поттикот за корупцијата во Република Македонија, посебно во јавниот сектор. За да се постигне ова, Системот за следење на работењето е дизајниран така што одредените поединци во клучните институции во рамките на Системот за национален интегритет треба да бидат во состојба систематски и директно да ги собираат потребните податоци и потоа за нив да ја известуваат Државната комисија.

***ПРОЦЕС***

1. Државната комисија за спречување на корупцијата ги утврдува стратешките области во кои е можно подобрување.
2. За овие области на подобрување се развиваат клучни индикатори на работењето (КИР) кои се поврзани со активностите / акциите потребни за намалување на ризиците или на поттикот за корупција.
3. Институциите во рамките на Системот за национален интегритет прибираат податоци за клучните индикатори за работењето и за тоа ја известуваат Државната комисија.
4. Собраните податоци се консолидираат во единствена база на податоци.

5. Резултатите од клучните индикатори на работењето се префрлаат на табла за контрола и следење во Државната комисија.
6. Државната комисија врши следење на клучните индикатори на работењето, ги следи промените, донесува одлуки за потребните акции и дава соодветни предлози.

***ТЕХНИЧКИ СПЕЦИФИКАЦИИ***

Системот за следење на работењето, кој е мрежно заснован, претставува најлесна и најефикасна алатка за собирање, известување и обработка на податоци за клучните индикатори за работењето. Овој систем би го следел логичкиот редослед опишан подолу.

Собирање на податоци преку систем поставен на интернет и Систем за обработка на податоците:
Следење преку клучни индикатори на работењето




ДКСК – Државна комисија за спречување на корупцијата

***ПРЕДНОСТИ***

1. Резултатите од работата на Државната комисија и Владата може да се следат со користење “објективни” податоци, што, споредено со претходните процедури за следење, претставува важен процес.

2. Исто така, системот е дизајниран така што тој може подготвено да ги задоволи идните потреби за следење:

   - Неограничен број на дополнителни институции и клучни индикатори на работењето може да се додадат и интегрираат во системот што овозможува поголема покриеност на Системот на национален интегритет, сé уште функционирајќи во рамките на истата структура.

## 6. ПРИНЦИПИ НА ДРЖАВНАТА ПРОГРАМА

Основни принципи на Државната програма се:

### *6.а. ПОЧИТУВАЊЕ НА ЧОВЕКОВИТЕ СЛОБОДИ И ПРАВА*

Мерките за превенција и репресија на корупцијата содржани во Државната програмата се засновани на целосно почитување на човековите права и слободи вградени во Уставот и законите на Република Македонија и меѓународните документи, а посебно во Европската конвенција за заштита на човековите права и основни слободи. Генералната закана од корупцијата како и конкретната закана од утврдените коруптивни однесувања го оправдуваат отстапувањето од востановените стандарди во полето на заштита на човековите слободи и права исклучиво на начин и во обем кога тоа е дозволено со Уставот и законите на Република Македонија и со меѓународните документи.

### *6.б. ПРЕВЕНЦИЈАТА ПРЕД РЕПРЕСИЈАТА*

Прифаќањето на репресијата како единствена реакција на корупцијата резултира единствено во елиминирање на последиците во индивидуални случаи, додека причините, мотивите и околностите што довеле до корупција остануваат недопрени. Како одраз на глобалните трендови и со цел за ефикасна превентивна акција против корупцијата, Државната програма е заснована на превенција, откривање на причините и условите што водат до корупција, како и нивно елиминирање, додека репресијата и натаму ќе претставува корективна мерка кон индивидуални случаи.

Репресивната реакција во актуелниот општествено - политички и правен амбиент е неопходна заради зајакнување на дисциплината кај носителите на јавни функции и граѓаните и враќање на довербата на граѓаните во институциите на системот.

### *6.в. СОРАБОТКА ПОМЕЃУ ЈАВНИОТ СЕКТОР, ПРИВАТНИОТ СЕКТОР И ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО*

Коруптивните однесувања предизвикуваат штетни последици како за јавниот така и за приватниот сектор, граѓанското општество и поединците, поради што во изготвувањето на Државната програма беа вклучени претставници од повеќе институции, од приватниот сектор и експерти. Натамошните активности на имплементација на Државната програма, исто така, треба да се одвиваат во соработка со сите овие субјекти.

### *6.г. ПРОГРЕСИВНОСТ*

Според современата теорија и практика, корупцијата е појава која ги следи социјалните, културните, политичките и правните карактеристика на секоја поединечна држава. Таа може да се елиминира со долготрајни и континуирани мерки и активности. Мерките против корупцијата се ефикасни единствено доколку се идентификуваат приоритетите и се поставаат реални рокови за нивна имплементација. Сфаќањето на значењето на причините и последиците, како и рационалната прогресивност беа предуслов во дефинирањето на проблемите и планирањето на активностите, кои се вградени во Акциониот план.

### *6.д. ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТВОРЕНОСТ*

Државната програма, која во својата суштина и содржина е национална стратегија, им е наменета на сите граѓани на Република Македонија, поради што таа е целосно транспарентен и отворен проект, како во фазата на подготвувањето така и во фазите на нејзината имплементација.

### *6.ѓ. ПОСТОЈАНОСТ*

Имајќи предвид дека целосната елиминација на корупцијата е невозможна, трајната превенција, како и откривањето, сузбивањето и казнувањето на појавните облици на коруптивни однесувања претпоставуваат постојаност во сите мерки и активности. Секое занемарување или неактивност веднаш се рефлектира во зголемување на заканата од корупција. Поради ова, Државната програма претставува документ кој во сите фази, од подготовката до имплементацијата, мора да биде сеопфатен и целосно реализиран. На овој начин таа ќе има трајна вредност и ќе овозможи поставување на нови основи за општественото и политичкото живеење во Република Македонија.

## 7. ПРЕТПОСТАВКИ ЗА ОСТВАРУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА ПРОГРАМА

Основни претпоставки за остварување на Државната програма се:

### *7.а. ПОЛИТИЧКА ВОЛЈА*

Корупцијата ја загрозува политичката стабилност на државата, довербата на граѓаните во политичкиот и правосудниот систем, владеењето на правото, пазарното стопанисување, економскиот развој, странските инвестиции и евроатланските интеграции. Поради тоа, за успешна превенција, откривање и репресија на корупцијата, неопходна е јасно изразена политичка волја.

### *7.б. ИЗГОТВУВАЊЕ НА АКЦИОНИ ПЛАНОВИ*

За ефикасна имплементација на Државната програма, неопходно е Владата на Република Македонија согласно нејзиниот заклучок од 19 декември 2006 година, да донесе посебен Акционен план на мерки и активности за создавање на ефикасен систем за превенција и репресија на корупцијата, заснован на индикатори за ефикасност.

Овој Акционен план треба да биде заснован на Акциониот план што е составен дел на Државната програма, а со цел да се овозможи ефикасна имплементација на сите активности кои се во надлежност на Владата, како и на оние што се во надлежност на другите државни органи, а треба да се реализираат со поддршка на Владата на Република Македонија.

### *7.в. ОРГАНИЗИРАН МОНИТОРИНГ*

За да може успешно да се реализира, Државната програма треба да биде следена со кохерентен систем на мерки и активности за нејзино остварување, како и со конкретно утврдување на носителите на тие активности. Покрај вклученоста на широк круг на субјекти во подготовката и реализацијата на Програмата, неопходно е да се утврди начинот на кој ќе се остварува надзорот над нејзината имплементацијата. Во најголем дел, мониторингот над имплементацијата на предложените мерки во

Програмата е обврска на Државната комисија, која во зависност од сферата и корпусот на мерки што треба да се имплементираат, во оваа активност ќе соработува со надлежните институции, а особено со оние претставници од нив, што биле вклучени во подготовката на Државната програма.

Во исто време јавноста треба да се поттикнува да ја надгледува имплементацијата на Државната програма. Треба да се воспостават, механизми за координација и меѓусебно влијание на институциите што имаат обврска за имплементирање на одделни сегменти од Државната програма.

Евалуација и проценка на имплементацијата на препораките од страна на Државната комисија ќе се врши постојано и периодично.

### *7.г. ПРОЦЕНКА И КОРЕКТИВНИ МЕРКИ*

Корупцијата, како феномен се манифестира во различни форми и затоа е неопходно да се утврдат специфични постапки и методологија за евидентирање и следење на условите под кои се појавува, што ќе бидат засновани на научни методи, и кои истовремено ќе претставуваат соодветна реакција на изменетите услови. Оттаму, корективните мерки се потреба што ќе придонесат за продлабочување и за зајакнување на ефикасноста на имплементираните мерки.

### *7.д. ПРОЦЕНКА НА ФИНАНСИСКИ ИМПЛИКАЦИИ И ФИНАНСИСКА ПОДДРШКА*

Во текот на изработката на Програмата особено беа земени предвид активностите што веќе се вградени во Програмата на Владата и кои се во тек или се имплементираат во рамки на билатерална или друг вид меѓународна соработка.

Поради тоа се пристапи кон изготвување на Државна програма која во себе содржи оптимален број проблеми и активности што се неопходни за воспоставување на ефикасен систем на национален интегритет и која едновремено е реално остварлива.

За реализирање на Државната програма неопходно е да се имаат предвид и финансиските импликации, како и да се направи сеопфатна проценка за буџетските потреби за имплементација на Програмата.

### *7.ѓ. МЕЃУНАРОДНА ПОДДРШКА*

Покрај постоење на сите претходни принципи и предуслови, неопходно е да се обезбеди и стабилна финансиска рамка. Поради ова, неопходно ќе биде да се нагласи и потребата од создавање на посебен буџет за поддршка на Државната програма, кој првенствено би бил заснован на средства од донации и странска помош.

## 8. ПРИОРИТЕТИ ЗА УСПЕШНО СПРОВЕДУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА ПРОГРАМА

Во рамките на активностите за спроведување на Државната програма, како и при утврдување на клучните индикатори за ефикасноста, се имаа предвид претходните активности и утврдените приоритети, што претставуваа предуслов за успешна имплементација на целите вградени во Државната програма, какви што се:

- *РЕФОРМИ ВО ПРАВОСУДНИОТ СИСТЕМ;*
- *РЕФОРМИ ВО ПОЛИТИЧКИОТ СИСТЕМ;*
- *НАМАЛУВАЊЕ НА ДИСКРЕЦИОНИТЕ ОВЛАСТУВАЊА;*
- *ВОСПОСТАВУВАЊЕ НА МЕРИТ СИСТЕМОТ;*

*- РЕГУЛИРАЊЕ НА СУДИРОТ НА ИНТЕРЕСИ;*

*- СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА ВО ЕКОНОМСКО-ФИНАНСИСКАТА СФЕРА.*

Подрачјето на примена на Државната програма ќе претставува институционална поддршка и на работата на институциите задолжени за спроведување на Државната програма, како што се:

- Државната комисија за спречување на корупцијата,
- Владата на Република Македонија,
- правосудните органи,
- специјализираните служби во државната управа,
- Јавното обвинителство,
- органите на државната управа и на локалната самоуправа,
- граѓанските организации и медиумите,
- меѓународните институции и организации.

## 9. НАЧИН НА ИЗГОТВУВАЊЕ НА ДРЖАВНАТА ПРОГРАМА

### *9.а. ПЛАН НА АКТИВНОСТИТЕ*

Во јануари 2007, Државната комисија потпиша Меморандум за разбирање и соработка со Американската агенција за меѓународен развој (УСАИД), за започнување на проект кој се состои од три фази и повеќе чекори:

***Фаза I:*** *АЖУРИРАЊЕ НА ДРЖАВНАТА ПРОГРАМА И АКЦИОНИОТ ПЛАН (СПРОВЕДЕНА ВО АПРИЛ 2007)*

- Чекор 1: Работилница 1- Набројување на сите проблеми карактеристични за одреден столб и вкрстени проблеми помеѓу столбовите.

- Чекор 2: Синтеза 1- Приоритетизирање на проблемите карактеристични за одреден столб, акции, индикатори на активности (ИА) и клучни индикатори на работењето (КИР).

- Чекор 3: Работилница 2- Финализирање на проблемите карактеристични за одреден столб, акции, индикатори на активности (ИА) и клучни индикатори на работењето (КИР).

- Чекор 4: Синтеза 2- Приоритизирање на вкрстените проблеми помеѓу столбовите, акции, индикатори на активности (ИА) и клучни индикатори на работењето (КИР).

- Чекор 5: Финална работилница 1- Финализирање на вкрстените проблеми помеѓу столбовите, акции, индикатори на активностите (ИА) и клучни индикатори на работењето (КИР).

- Чекор 6: Синтеза 3- Финализирање на Државната програма и Акциониот план и донесување од страна на Државната комисија.

***Фаза II:*** *ГРАДЕЊЕ НА СИСТЕМ ЗА СЛЕДЕЊЕ НА РАБОТЕЊЕТО (СПРОВЕДЕНО ДО МАЈ 2007)*

- Чекор 1: Работилница 2- Нацрт - план на Системот за следење на работењето.

- Чекор 2: Синтеза 4- Финализирање на Системот за следење на работењето и донесување од страна на Државната комисија.

- Чекор 3: Преглед на меѓународните донатори во Македонија (со цел да се избегне преклопување и да се синхронизираат планираните со тековните антикорупциски активности, индикаторите на активности (ИА) и клучните индикатори на работењето (КИР).

- Чекор 4: Презентирање на Државната програма и Акциониот план.

***Фаза III:*** *ГРАДЕЊЕ НА КАПАЦИТЕТОТ НА СЕКРЕТАРИЈАТОТ НА ДРЖАВНАТА КОМИСИЈА (ОД ЈУНИ 2007 ДО СЕПТЕМВРИ 2008)*

- Чекор 1: Анализа на работењето на Секретаријатот на ДКСК-Финален извештај со заклучоци и препораки (спроведено до јуни 2007).

- Чекор 2: Пакет на интервенции- Листа на интервенции за да се усогласи посакуваното и постојаното работење на Секретаријатот на Државната комисија (од септември 2007 до јуни 2008) .

- Чекор 3: Завршна евалуација на работењето на Секретаријатот на Државната комисија – Да се спореди работењето пред/по спроведувањето на пакетот на интервенции преку сет на стабилни клучни индикатори на работењето (спроведено до септември 2008).

Договорен партнер одговорен за овој проект од страна на УСАИД е Програмата за човековиот и институционален развој спроведена од Светското учење (World Learning) во Македонија.

### *9.б. ПРЕДИЗВИЦИ*

При изготвувањето на Државната програма на овој проект е одговорено на следните предизвици:

1. Добивање информации и согласност од сите институции, кои се целни институции и/или спроведувачи на Државната програма и Акциониот план. Искуствата од други антикорупциски програми и планови во Источна и Централна Европа покажуваат дека еден од главните предуслови за успехот е поддршка од оние институции кои се соочуваат со најнизок ризик од корупција, особено во владиниот и јавниот сектор. Затоа, Државната комисија одлучи да ги вклучи нивните информации и нивната согласност во проектот уште од самиот почеток.

Во рамките на својот Систем за национален интегритет, македонското општество е поделено на шест (6) столбови *(Види поглавје 1, дел 10.а).*

Секој столб вклучи конкретни институции избрани врз основа на нивната голема подложност на корупција или врз основа на нивната значајна улога во борбата против корупцијата. Еден или повеќе претставници од секоја институција беа поканети да учествуваат во сите работилници како и во финалните работилници кои беа организирани во Фаза I. Во секоја од финалните работилници учествуваа над 80

претставници од сите сектори, додека во работилниците во кои се работеше по столбови учествуваа од 15-20 претставници.

2. Приоритетизирање на антикорупциските проблеми како и активностите неопходни за нивно надминување. Податоците собрани во текот на секоја работилница беа синтетизирани и групирани од страна на антикорупциските експерти, со цел да се фокусираат на она што е цел на Државната програма и Акциониот план и таа да се направи пореална и полесна за имплементирање и следење.

3. Градење на Државната програма и Акциониот план врз основа на активности кои би покажале конкретни и мерливи резултати. Пожелно е некои од нив да се реализираат за пократок временски период. Секоја од активностите се однесува на проблем карактеристичен за одреден столб или за вкрстени проблеми помеѓу столбовите. Предвидените активности се придружени од сет на индикатори на активности (ИА), како и клучни индикатори на работењето.

Исто така, секој ИА/КИР е придружен од проценка колку брзо ќе може да се очекуваат резултатите и нивната мерливост (краткорочно, среднорочно или долгорочно). Материјалните и мерливите резултати исто така се важна карактеристика на Државната програма и Акциониот план со нагласена потреба од неопходна финансиска поддршка, како од Владата на Република Македонија, така и од меѓународните донатори.

4. Со обединувањето на антикорупциските експерти и експертите за подобрување на работењето на институциите заради соодветно формулирање на Државната програма и Акциониот план, истовремено е додадена и важна димензија за подобрување на работењето. По разгледување на слични програми и акциони планови од други земји од Централна и Источна Европа, заклучивме дека во многу од нив се наведени само општите цели, без да се наведат јасните резултати, ниту пак индикаторите на работењето поврзани со посакуваниот резултат. За да се избегне ова, ги обединивме антикорупциските и експертите за подобрување на работењето, така што Системот за мерење на работењето ќе биде подеднакво достигнување и новина, како што е и оваа државна програма.

## 10. ПОДРАЧЈЕ НА ПРИМЕНА НА ДРЖАВНАТА ПРОГРАМА И АКЦИОНИОТ ПЛАН

### *10.а. СИСТЕМ ЗА НАЦИОНАЛЕН ИНТЕГРИТЕТ*

Основа за изготвување на Државната програма е Анализата на системот за национален интегритет, кој според својата суштина претставува анализа на основните антикорупциски столбови од аспект на нивната законска поставеност и институционална функционалност. Цел на погоре опишаната активност во рамки на проектот беше да се обезбеди создавање на документ кој ќе биде концизен и ќе може адекватно да се спроведе на начин што ќе обезбеди создавање на база од емпириски податоци за ефикасноста и перформансите на системот во целина и нивна надградба.

Имајќи ја предвид комплексноста на мерките неопходни да се воспостави ефикасен систем за превенција и репресија на корупцијата, во претходната постапка беа издиференцирани основните столбови врз кои ќе се заснова Државната програма. Притоа, Државната комисија се определи за шест основни столбови:

- Столб 1- Политички систем, Собрание и политички партии
- Столб 2- Правосудство

- Столб 3- Јавна администрација и локална самоуправа
- Столб 4- Институции за спроведување на законот
- Столб 5- Економски и финансиски систем и приватен сектор
- Столб 6- Граѓанко општество, медиуми и синдикати

Имајќи предвид дека Системот за национален интегритет според својата содржина претставува ефикасен систем на мерки за заемна контрола помеѓу институциите вклучени во механизмот за превенција и репресија на корупцијата, неопходно беше да се идентификуваат активности кои се однесуваат на повеќе столбови. Поради тоа, Државната програма со Акциониот план е составена од повеќе елементи. Првенствено, тоа се матриците со проблеми карактеристични за секој одреден столб на системот за национален интегритет, како и матрици со проблеми кои се заеднички за повеќе столбови.

### *10.б. ПРОБЛЕМИ, АКТИВНОСТИ И МЕРЕЊЕ НА ЕФИКАСНОСТА*

При изготвување на Државната програма од исклучително значење беше познавањето на поодделни системи и нивното функционирање од страна на експертите и практичарите од поодделни области. Тоа овозможи создавање на листа од поголем број проблеми, кои потоа беа сублимирани во ограничен број проблеми (од 5 до 7) за секоја од областите. Крајниот резултат е дека со ажурираната Државна програма се опфатени вкупно 34 проблеми кои се јасно дефинирани, со објаснување на нивната оправданост, категораизација во однос на тоа дали се однесуваат на повеќе столбови, како и објаснување на нивниот статус во однос на основната Државна програма за превенција и репресија на корупцијата од 2003 година.

За секој од дефинираните проблеми утврдени се повеќе конкретни активности за нивно надминување, посочени се и конкретни индикатори на активност (ИА), како и конкретни индикатори за работењето (КИР), кои се изразени во емпириски и мерливи показатели.

Така, за определените 34 проблеми дефинирани се вкупно 140 активности за кои се посочени 291 индикатори за активност и вкупно 251 конкретни индикатори за работењето (КИР) поврзани со посочените проблеми и активности.

За целосно зафаќање на дефинираните проблеми со конкретните предложени активности неопходни се дополнителни мерки. Дел од мерките, што се однесуваат на активности за кои постојат веќе востановени системи за нивна имплементација, во Акциониот план се дефинирани како краткорочни, со видливи и мерливи резултати. За дел од активностите кои се дефинирани како среднорочни условите за нивна имплементација постојат, но неопходно е да се воспостави методологија и систем за нивна имплементација. За дел од активностите што се дефинирани како долгорочни, неопходно е да се пристапи кон создавање на законски и институционални претпоставки за нивно имплементирање.

### *10.в. ВКРСТЕНИ ИЛИ ЗАЕДНИЧКИ ПРОБЛЕМИ*

Во матриците кои ги содржат вкрстените или заеднички проблеми помеѓу столбовите, вградени се проблеми кои едновремено претставуваат предуслов за ефикасна имплементација на целата ажурирана Државна програма. Најголем дел од нив, како што се дискреционите овластувања, нефункционирањето на мерит-системот и партиско-политичките влијанија, беа издвоени како проблеми и во Државна програма од 2003 година. Фактот дека во изминатите четири години се преземени поголем број активности за измена и дополнување на законите, вклучително и амандманите на Уставот на Република Македонија, прави во овој случај како приоритети и вкрстени проблеми да се препознаваат оние што се однесуваат на примената на законски

утврдените мерки и нивната конзистентност. Ова е дополнето и со специфичноста и апликативната природа на Државната програма, поради што како заеднички проблеми кои се препознаваат во вкрстените столбови можат да се издвојат:

- (не)транспарентност во повеќе области;
- широки дискрециони овластувања на носителите на јавни функции;
- неконзистентност помеѓу законите и проблеми во нивното извршување;
- влијанието на приватните и финансиските интереси во креирањето на официјалните и на јавните политики;
- слабата надворешна и внатрешна контрола над буџетските трошоци и државните приходи;
- партиско-политичките влијанија во работата на јавната администрација, судството и незвисните тела;
- недоволен број на независни тела надлежни за контрола;
- недоволна координација на државните институции;
- недоволно развиено и неорганизирано граѓанско општество;
- несоодветен третман на корупцијата од страна на медиумите.

### *10.г. МЕХАНИЗМИ ЗА ЗАЈАКНУВАЊЕ НА СИСТЕМОТ ЗА НАЦИОНАЛЕН ИНТЕГРИТЕТ*

Со цел да се обезбеди зајакнување на системот за национален интегритет, а имајќи го предвид претходното искуство од неговото функционирање по востановената законска и институционална рамка, како и неколкукратната претходна евалуација и состојбите согледани од извештаите на други надлежни органи, тимот на експерти во соработка со практичарите предложи создавање на дополнителни независни тела за надзор и поддршка.

Две од нив се однесуваат на поддршка на работата на Државниот завод за ревизија, а тоа се посебно собраниско и посебно владино тело кои ќе ги разгледуваат извештаите на ДЗР и постапувањето по препораките. Во делот на зајакнување на контролата над трошењето на јавните средства се предвидува и создавање на второстепена комисија за јавни набавки, како самостојно државно тело.

Со цел Собранието на Република Македонија да придонесе во превенцијата и репресијата на корупцијата, неопходно е во своето постапување да ги разгледува и прифаќа прашањата и препораките иницирани од Државната комисија, да ги поставува на дневен ред на седниците на своите тела и на пленарните седници и по нив да зазема соодветни ставови. Ваквото постапување на Собранието треба да се уреди со деловникот за негово работење.

Државната програма содржи и активности кои се однесуваат на дооформување на законската и регулаторната рамка, како што се Законот за финансирање на изборните кампањи, Законот за државни службеници во смисол на зајакнување на механизмите за стимулации и санкции, дополнување на регулативата со која ќе се утврдат трошоците во јавната администрација, допрецизирање на Законот за локална самоуправа во делот на управните постапки, законско зајакнување на улогата на Државниот завод за ревизија, донесување на Кодекс за избраните и именуваите лица и други.

## 11. СОСТАВНИ ДЕЛОВИ НА ДРЖАВНАТА ПРОГРАМА

Составни делови на Државната програма, од кои дел служеа и при нејзиното подготвување се следните документи:

1. *Графикон 1: ПОДДРШКА НА СИСТЕМОТ ЗА НАЦИОНАЛЕН ИНТЕГРИТЕТ И РАЗВОЈ НА ИНСТИТУЦИОНАЛЕН КАПАЦИТЕТ.* Овој графикон е визуелен приказ на целите, делокругот како и редоследот на сите три фази на проектот.

2. *Графикон 2 и 2а:* Овие графикони се визуелен приказ на меѓусебното влијание меѓу столбовите на Системот за национален интегритет.

3. Акциониот план на Државната програма.

4. *МАТРИЦИ И ПРОБЛЕМИ КАРАКТЕРИСТИЧНИ ЗА ОДРЕДЕН СТОЛБ ИЛИ ВКРСТЕНИ ПРОБЛЕМИ ПОМЕЃУ СТОЛБОВИТЕ- ВО РАМКИТЕ НА ДРЖАВНАТА ПРОГРАМА И АКЦИОНИОТ ПЛАН.* Секоја матрица ги наведува сите главни проблеми поврзани со корупцијата карактеристични за одреден столб или вкрстени проблеми помеѓу столбовите. Наведени се оправдувања за наведувањето на конкретен проблем, заедно со статусот наспроти Државната програма и Акциониот план донесена во 2003 година, категоризацијата како проблем карактеристичен за одреден столб или вкрстен проблем помеѓу столбовите, плус сите активности кои треба да се преземат за да се одреди проблемот, заедно со индикаторите на активности и клучните индикатори на работењето и временскиот распоред за тоа кога може да се очекуваат резултатите и мерењата - под претпоставка дека сите активности ќе започнат во годината 0.

5. Список на учесници кои учествувале во изготвувањето на Државната програма и Акциониот план.

## ПОДДРЖУВАЊЕ НА СИСТЕМОТ ЗА НАЦИОНАЛЕН ИНТЕГРИТЕТ И РАЗВОЈ НА ИНСТИТУЦИОНАЛНИТЕ КАПАЦИТЕТИ

Пред фаза I: Ажурирана верзија на Државната програма и Матрицата на Акциониот план декември 2006, вклучувајќи ги и Препораките на ГРЕКО, изготвена од ДКСК и локалните експерти

I Фаза

### КИР на ниво на подгрупи и ажурирана Државна програма и Акционен план

**Политички систем, Собрание и политички партии — *Столб #1***

Систем на поделба на власта, меѓусебна контрола и рамнотежа, интегритет и транспарентна кампања, финансирање

**Целни институции:**
- Претседател на РМ
- Собрание на РМ
- извршна власт
- политички партии
- Омбудсман

**Правосудство — *Столб #2***

**Целни институции:**
- судови
- Јавно обвинителство
- Јавно правобранителство
- Адвокатска комора
- Нотарска комора
- Комора на извршители
- Медијаторска комора

**Јавна администрација и локална самоуправа — *Столб #3***

Ефикасност, професионалност, ефективност, транспарентност, отчетност, дискрециони овластувања, неполитизираност и етичност

**Целни институции:** министерства, АДС, органи на локална самоуправа, катастар и др.

**Агенции за спроведување на законот/институции надлежни за надзор — *Столб #4***

- Кривично-правен систем и агенции за спроведување на законот

**Целни институции:**
- МВР
- Царинска управа
- УЈП
- Дирекција за спречување на перење пари
- Финансиска полиција
- ДКСК

**Економски и финансиски систем и приватен сектор — *Столб #5***

Економски и финансиски систем, приватен сектор, јавни набавки, странски инвестиции, буџет и фондови, финансиска контрола и ревизија и даноци

**Целни институции:** Сите институции во релација со наведеното

**Граѓански сектор, медиуми и синдикати — *Столб #6***

Развиеност на системот, транспарентност, независност, јавно мислење и донации

**Целни институции:**
- ГО
- фондации
- медиуми
- синдикати

* Прибирање податоци * Доставување на податоци до ДКСК *Делегирање на релевантни задачи на секоја целна институција

### Систем за следење на работењето (ССР) преку клучни индикатори на работењето (КИР)

II Фаза

**КИР на национално ниво**

↑

**КИР на секој столб**

↑

**КИР на институциите во секој столб**

↑

**КИР на секоја институција поединечно во рамките на секој столб**

* Прибирање податоци * Доставување на податоци до ДКСК *Делегирање на релевантни задачи на секоја целна институција

III -V Фаза

### Развој на институционалниот капацитет на Секретаријатот на ДКСК

**III. Анализа на работењето => IV. Пакет на интервенции => V. Завршна евалуација на работењето**

Како се одразува политичкото влијание на системот (со црвено)



Како се одразува политичкото влијание на системот (со црвено)




performancedesign international

# АКЦИОНЕН ПЛАН
# за спроведување на
# Државната програма за превенција и репресија на корупцијата

# АКЦИОНЕН ПЛАН за спроведување на
# Државната програма за превенција и репресија на корупцијата

**ФАЗА I (Година 1 + 2)**
**Фокусирање на:**
- **Објавување на имотната состојба на WEB страната на ДКСК**
- **Зајакнување на одредени државни органи како што се Царинската управа и Управата за јавни приходи, Дирекцијата за спречување на перење пари, ДКСК, Финансиската полиција и други органи за спроведување на законот (градење на капацитетите и создавање на база на податоци);**
- **Спроведување на мерит-системот во јавната администрација на централно и локално ниво;**
- **Подобрување на работењето на правосудните органи во спроведување на законот;**
- **Зајакнување на улогата на Собранието на РМ во спречувањето на корупцијата;**
- **Зајакнување на Државниот завод за ревизија и обезбедување на последователни активности по нивните извештаи;**
- **Транспарентност во јавната администрација на централно и локално ниво;**
- Финансирање на политичките партии и транспарентност во изборните кампањи;
- Зајакнување на медиумите и истражувачкото новинарство;
- Системска политика за граѓанските организации.

**ФАЗА II (Година 2 + 3)**
**Фокусирање на:**
- **Зајакнување на одредени државни органи како што се Царинската управа и Управата за јавни приходи, Дирекцијата за спречување на перење пари, ДКСК, Финансиската полиција и други органи за спроведување на законот (соработка со размена на податоци преку база на податоци, процедури и мрежно поврзување);**
- **Органите за спроведување на законот да постапуваат по барањата на правосудните органи;**
- **Финансирање на политичките партии и транспарентност во изборните кампањи;**
- **Зајакнување на улогата на Собранието на РМ во спречувањето на корупцијата;**
- **Подобрување на работењето на правосудните органи во спроведување на законот;**
- **Спроведување на мерит-системот во јавната администрација на централно и локално ниво;**
- Зајакнување на улогата на регулаторните тела во радиодифузната дејност и донесување на новиот Закон за авторски права;
- Транспарентност во јавната администрација на централно и локално ниво;
- Зајакнување на медиумите и истражувачкото новинарство (континуирани обуки);
- Системска политика за граѓанските организации.

**ФАЗА III (Година 3 + 4)**
**Фокусирање на:**
- Системска политика за граѓанските организации;
- Зајакнување на медиумите и истражувачкото новинарство;
- Финансирање на политичките партии и транспарентност во изборните кампањи;
- Транспарентност во јавната администрација на централно и локално ниво;
- Подобрување на работењето на правосудните органи во спроведување на законот;
- Органите за спроведување на законот да постапуваат по барањата на правосудните органи;
- Зајакнување на улогата на Собранието на РМ во спречувањето на корупцијата.

# АКЦИОНЕН ПЛАН за спроведување на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата

**ФАЗА I (Година 1 + 2)**
**Фокусирање на:**

**1. Објавување на имотната состојба на WEB страната на ДКСК**

**Проблем #3 од Столбот I: НЕДОВОЛНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ во однос на откривањето на имотната состојба на јавните функционери**

**Клучни активности:**

- Активност 3А: Да се зголеми капацитетот на ДКСК и УЈП во однос на евидентирање и следење на содржината и точноста на пријавената имотна состојба во анкетните листови;
- Активност 3Б: Ажурирање / креирање на база на податоци во УЈП и во ДКСК, и нејзино поврзување со сите релевантни институции (на пример ДЗГР, Дирекцијата за спречување на перење пари) преку мрежа, со што се овозможува клучните информации да бидат достапни на УЈП и ДКСК;
- Активност 3В: Промена на режимот на пријавување на имотот, така што: а) ќе се изготви нов образец за пријавување на имотната состојба (со кој ќе се штитат личните податоци согласно со закон); и б) попрецизно ќе се утврдат целните групи во рамките на Законот за спречување на корупција;
- Активност 3Г: Измена и дополна на Законот за спречување на корупцијата со пропишување на построги санкции за непочитување на законските одредби за пријавување на имотната состојба како и да се предвиди немозност за примање на плата и друг надоместок во случај на неподнесен анкетен лист се додека ДКСК не издаде потврда дека обврската е извршена.

**Клучни индикатори на работењето:**

КИР1: Број на изречени прекршочни казни ПОДЕЛЕНО СО број на поднесени барања за поведување на прекршочна постапка од страна на ДКСК

## АКЦИОНЕН ПЛАН за спроведување на
## Државната програма за превенција и репресија на корупцијата

**ФАЗА I (Година 1 + 2)**
**Фокусирање на:**

**2. Зајакнување на одредени државни органи како што се Царинската управа и Управата за јавни приходи, ДСПП, ДКСК, Финансиската полиција и други органи за спроведување на законот (градење на капацитетите и создавање на база на податоци)**

**Проблем #1 од Столбот IV: Недоволно развиен систем (во нормативно – техничкиот дел и во делот на човечките ресурси) за Царинската управа целосно да ги реализира своите функции на собирање приходи и контрола на извозот и увозот, како и за да се обезбеди целовитост на нејзиното работење.**

### Клучни активности:

- Активност 1А: Зајакнување на внатрешни и надворешни контролни механизми и санкции со цел да се зголеми наплатата на царински давачки и да се намалат можностите за корупција;
- Активност 1Г: Намалување на дискреционите права на царинските службеници преку усогласување на Царинската управа со прописите на СТО и ЕУ во поглед на царината и царинските давачки;
- Активност 1Д: Поедноставување на царинските процедури;
- Активност 1В: Зголемување на свеста кај граѓаните за нивните права и обезбедување на можност да известуваат за случаи на барање поткуп од страна на цариници;
- Активност 1Ѓ: Промоција на постојната интернет страница на ЦУ и објавување (преку медиуми) на царински закони, подзаконски акти, процедури, формулари, второстепени ревизии - со цел да се подигне свеста кај граѓаните и транспарентноста на царинските процедури и обврски;
- Активност 1Б - Воведување на електронски систем за следење на плаќање и негово поврзување со базата на податоци на УЈП. Користењето на овој електронски систем да се направи задолжително за сите плаќања во врска со ЦУ.

### Клучни индикатори на работењето:

КИР 1: Износ на наплатени царински давачки годишно ПОДЕЛЕНО СО вкупниот број на царински службеници;

КИР2: Број на царински службеници за кои се водат дисциплински постапки ПОДЕЛЕНО СО вкупниот број на царински службеници

# АКЦИОНЕН ПЛАН за спроведување на
# Државната програма за превенција и репресија на корупцијата

**ФАЗА I (Година 1 + 2)**

## Фокусирање на:

## 3. Спроведување на мерит - системот во јавната администрација на централно и локално ниво

## Проблем#1 за Столбот III: Ниско ниво на независност на јавната администрација

## Клучни активности:

- Активност 1А: Усвојување на нов закон за јавните службеници и сродни закони за уредување и зајакнување на статусот на вработените во јавната администрација
- Активност 1В: Да се измени одредбата од ЗДС во насока да ги обврзува раководните функционери да изберат кандидати за работни места од списокот кој го предлага АДС (да се регулира во кој случај може надворешни лица да се јавуваат на конкурси кога работното место може да се пополни со лице веќе вработено во институцијата);
- Активност 1Г: Доследно да се спроведе системот на унапредување или деградирање во кариерата според заслуги (мерит - систем) со измена на Законот, вклучувајќи и проверка на знаењето и вештините пред преминување во повисок ранг;
- Активност 1Б: Обезбедување на ефикасна и ажурна заштита на службениците во остварувањето на правата од работен однос. Измена на Законот за државни службеници.

## Клучни индикатори на работењето:

КИР1: Број на жалби разгледани во АДС ПОДЕЛЕНО СО број на поднесени жалби;

КИР2: Број на унапредувања во службата врз основа на новите постапки ПОДЕЛЕНО СО вкупниот број на службеници;

КИР3: Број на деградирања (распоредувања на πониско звање) во службата врз основа на новите постапки ПОДЕЛЕНО СО вкупниот број на службеници

## АКЦИОНЕН ПЛАН за спроведување на
## Државната програма за превенција и репресија на корупцијата

**ФАЗА I (Година 1 + 2)**

**Фокусирање на:**

### 4. Подобрување на работењето на правосудните органи во спроведување на законот

**Проблем #1 од Столбот II: Надворешни влијанија во постапките и при донесувањето одлуки од страна на судиите, обвинителите и правобранителите и нивното ниско ниво на професионалност.**

**Проблем #5 од Столбот II : Недоволно спроведување на контролни механизми и санкции во правосудството против злоупотреби во примената на законот.**

**Проблем #4 од Столбот II : Ненавремено постапување од страна на државните институции и на органите за спроведување на законот по барањата на правосудството (судовите, јавните обвинителства и јавното правобранителство), адвокатурата и другите институции.**

**Клучни активности:**

- Активност 1А: Уставните одредби со кои се гарантира независноста на судството да бидат спроведени во целост;
- Активност 1Г: Во новиот Закон за јавното обвинителство да се ограничи можноста за предвремено разрешување на Јавниот обвинител на Република Македонија при промена на власта;
- Активност 1Б: Да се воведе позицијата „портпарол/оддел за односи со јавноста“ во рамките на судовите/обвинителствата со цел да се ослободат судиите и обвинителите да ги сервисираат медиумите и јавноста;
- Активност 4А: Да се изменат процесните закони во насока на воведување рокови за постапување по барањата и санкции за непостапување по нив;
- Активност 4Б: Да се изготват и воведат внатрешни постапки (во сите релевантни тела - државна администрација и државни органи) за постапување по барањата на правосудните органи, адвокатурата и другите институции.

## АКЦИОНЕН ПЛАН за спроведување на
## Државната програма за превенција и репресија на корупцијата

**ФАЗА I (Година 1 + 2)**
**Фокусирање на:**

### 4. Подобрување на работењето на правосудните органи во спроведување на законот (втора страна)

### Клучни активности:

- Активност 5А: Да се спроведе во дело Системот за оценување на работата на судиите изготвен во акцијата 1А и да се применува Етичкиот кодекс за судиите;
- Активност 5Б: Да се спроведе во дело Системот за оценување на работата на јавните обвинители изготвен од страна на Советот на јавни обвинители;
- Активност 5Д: Спроведување на дисциплинските постапки предвидени за судиите, обвинителите и судската администрација.

**Клучни индикатори на работењето:**

КИР1: Број на судии против кои се преземени санкции ПОДЕЛЕНО СО вкупниот број судии;

КИР2: Број на релевантни институции кои имаат изготвено / воведено внатрешни постапки од акцијата 4Б ПОДЕЛЕНО СО вкупниот број на релевантни институции кои мора да изготват/воведат постапки од акцијата 4Б;

КИР3: Број на судови што назначиле портпароли ПОДЕЛЕНО СО број на прес конференции и издадени информации за медиумите.

## АКЦИОНЕН ПЛАН за спроведување на
## Државната програма за превенција и репресија на корупцијата

**ФАЗА I (Година 1 + 2)**
**Фокусирање на:**

### 5. Зајакнување на улогата на Собранието на РМ во спречувањето на корупцијата

**Проблем #5 од Столбот I: СЛАБА ЗАЛОЖБА од страна на Собранието на РМ / пратениците во однос на востановените правила и постапките при донесување на законите**

**Клучни активности:**

- Активност 5А: Воспоставување на Кодекс на однесување - етика за пратениците, кој треба да се контролира од страна на Комисијата за мандатно-имунитетни прашања и да се спроведува од страна на Собранието на Република Македонија;
- Активност 5Б: Зајакнување на практиката и поедноставување на постапката за правење на сите записи достапни на јавноста (евиденции на присутни пратеници, листинзи од гласање, записници од собраниските тела) во базата на податоци на Собранието на РМ;
- Активност 5Г: Поедноставување на постапките за одземање на имунитетот на пратениците, како заложба кон поголем интегритет, транспарентност и одговорност од страна на Собранието на РМ.

**Клучни индикатори на работењето:**

КИР1: Број на покренати постапки кон пратеници за одземање на пратеничкиот имунитет ПОДЕЛЕНО СО вкупниот број на пратеници

**АКЦИОНЕН ПЛАН за спроведување на**
**Државната програма за превенција и репресија на корупцијата**

**ФАЗА I (Година 1 + 2)**
**Фокусирање на:**

**5. Зајакнување на улогата на Собранието на РМ во спречувањето на корупцијата (втора страна)**

**Проблем #7 од Столбот I*:* НИСКО НИВО НА ПОДДРШКА за активностите за спречување на корупција од страна на Собранието на РМ**

**Клучни активности:**

-Активност 7А: Давање надлежност на постојните работни тела на Собранието за проблематиката на спречување на корупцијата;

- Активност 7В: Да се воспостават обврски за редовно прегледување на годишниот извештај од ДКСК од страна на Собранието на РМ;

- Активност 7Г: Пропишување на процедури за разгледување и прифаќање на прашањата и препораките иницирани од ДКСК

**Клучни индикатори на работењето:**

КИР1: Вкупен број на расправи по иницијативите поднесени од ДКСК спроведени во собраниските тела ПОДЕЛЕНО СО број на иницијативи поднесени од ДКСК;

КИР2: Вкупен број на расправи спроведени од пленарни седници на Собранието на РМ ПОДЕЛЕНО СО број на иницијативи поднесени од ДКСК.

## АКЦИОНЕН ПЛАН за спроведување на
## Државната програма за превенција и репресија на корупцијата

**ФАЗА I (Година 1 + 2)**
**Фокусирање на:**

## 6. Зајакнување на Државниот завод за ревизија и обезбедување на последователни активности по нивните извештаи

**Проблем #1 од Столбот V: Недоволно постапување по наодите/извештаите на Државниот завод за ревизија**

**Клучни активности:**

- Активност 1А: Да се предложат промени во законодавството (Закон за државна ревизија) со цел да се зајакне улогата на ДЗР;
- Активност 1Б: Да се обезбеди Јавниот обвинител да постапува ex officio по извештаите на ДЗР и да се бара известување за преземените активности во годишниот извештај;
- Активност 1В: Да се воспостави Постојано владино тело кое ќе ги разгледува извештаите и препораките на ДЗР и ќе им наложува на државните институции да ги спроведуваат тие препораки;
- Активност 1Г: Да се создаде поблиска соработка меѓу Собранието и ДЗР преку создавањето на постојано тело или во рамките на постојните комисии за финансирање и буџет во Собранието, со конкретен мандат да ги разгледува извештаите на ДЗР и да постапува според препораките.

**Клучни индикатори на работењето:**

КИР1: Број на разгледани извештаи на ДЗР од страна на Јавното обвинителство ПОДЕЛЕНО СО број на објавени извештаи од ДЗР;

КИР2: Број на судски постапки поведени од страна на Јавното обвинителство по извештаите на ДЗР ПОДЕЛЕН СО бројот на разгледани извештаи на ДЗР од страна на Јавното обвинителство;

КИР3: Број на корективни активности преземени од страна на извршната власт ПОДЕЛЕНО СО вкупниот број на корективни препораки предложени од страна на Постојаното владино тело до извршната власт.

## АКЦИОНЕН ПЛАН за спроведување на
## Државната програма за превенција и репресија на корупцијата

**ФАЗА I (Година 1 + 2)**
**Фокусирање на:**

## 7. Финансирање на политичките партии и транспарентност во изборните кампањи

**Проблем #1 од Столбот I: НЕДОВОЛНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ во финансирањето на политичките партии**
**Проблем #2 од Столбот I: НЕДОВОЛНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ во финансирањето на изборните кампањи**

### Клучни активности:

- Активност 1А: Да се предложат измени во Законот за финансирање на политичките партии со што ќе се предвиди потранспарентно финансирање на политичките партии (т.е., откривање на изворите на финансирање, систем на контроли, вклучување на донациите и нивните извори, механизми за објавување на извештаите и спроведување на активности како последица од извештаите, вклучувајќи и построги казни);

- Активност 1В: Преземање на активности од страна на надлежните органи врз база на извештаите од ДЗР - по извештаите доставени од страна на политичките партии.

**Клучни индикатори на работењето:**

КИР1: Број на поднесени финансиски извештаи од страна на политичките партии ПОДЕЛЕНО СО бројот на политички партии;

КИР2: Број на финансиски извештаи кои содржат прекршувања на законот ПОДЕЛЕНО СО број на извештаи;

КИР3: Број на покренати постапки од страна на надлежните органи врз основа на доставени извештаи од ДЗР ПОДЕЛЕНО СО бројот на извештаи доставени од страна на политичките партии.

## АКЦИОНЕН ПЛАН за спроведување на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата

**ФАЗА I (Година 1 + 2)**

**Фокусирање на:**

## 7. Финансирање на политичките партии и транспарентност во изборните кампањи (втора страна)

**Проблем #1 од Столбот I: НЕДОВОЛНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ во финансирањето на политичките партии**
**Проблем #2 од Столбот I: НЕДОВОЛНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ во финансирањето на изборните кампањи**

### Клучни активности:

- Активност 2А*:* Измени и дополнувања на Изборниот законик во делот на финансирањето на политички кампањи, со воведување на потранспарентни постапки;

- Активност 2Б: Менување на Законот за радиодифузна дејност (споредба на „активно“ наспроти „платено“ време, плаќање на даноци на можните „дисконти“ од страна на медиумите, и сметање на таквите дисконти како донации на конкретна партија, однапред објавени ценовници и дисконти од страна на медиумите);

- Активност 2В: Да се осигури спроведувањето на новите процедури за известување за изворите и трошоците за кампања, во контекст на измените во рамките на Активностите 2А и 2Б.

### Клучни индикатори на работењето:

КИР1: Износ на средства потрошени на политички кампањи, проценет од страна на надлежните органи ПОДЕЛЕНО СО износот на средства на политички кампањи, кои законот го дозволува;

КИР2: Број на доставени извештаи ПОДЕЛЕН СО број на политички партии кои учествуваат на изборите и треба да доставуваат такви извештаи.

## АКЦИОНЕН ПЛАН за спроведување на
## Државната програма за превенција и репресија на корупцијата

**ФАЗА I (Година 1 + 2)**
**Фокусирање на:**

### 8. Зајакнување на медиумите и истражувачкото новинарство

**Проблем #4 од Столбот VI: Недоволен капацитет на националните и локалните медиуми и новинарите за разоткривање и истражување и придонес во борбата против корупцијата**

**Клучни активности:**

- Активност 4Б: Доработка и примена на постојниот кодекс на однесување и етика за новинари за да се осигури квалитетот и етичката практика и изработка на Водич за истражувачко новинарство;

- Активност 4В *:* Воведување на правна заштита за новинарите кои работат на истражувачко новинарство и нивните извори. Ограничување на пристапот на трети лица до идентитетот на изворите со примена на стандарди и постапки слични на оние што се користат за заштита на сведоци во судска постапка;

- Активност 4А *:* Поддршка на новинарите - истражувачи преку обезбедување на обука и организирање конференции на теми како што се управување, владеење на правото, правните процедури, корупција и истражувачко новинарство

**Клучни индикатори на работењето:**

КИР1: Број на обучени новинари-истражувачи ПОДЕЛЕН СО вкупен број на новинари;

КИР2: Број на новинари што го прекршиле кодексот ПОДЕЛЕН СО вкупен број на новинари.

# АКЦИОНЕН ПЛАН за спроведување на
# Државната програма за превенција и репресија на корупцијата

**ФАЗА I (Година 1 + 2)**

**Фокусирање на:**

## 9. Системска политика за граѓанските организации

### Проблем #1 од Столбот VI: Ниско ниво на транспарентност и недостиг од добро управување во граѓанското општество

**Клучни активности:**

- Активност 1А: Јасно дефинирање во законот што е тоа граѓанска организација (ГО), статусот на ГО од јавен интерес, нивната структура, цели, активности, апликациски процедури, судир на интереси, непартизираност и обврски за финансиско известување кон јавноста. Непартизираноста значи дека членовите на раководните тела на политичките партии не можат да бидат избрани или назначени како членови на раководни тела на ГО; ГО регистрирани како ГО од јавен интерес секако не можат да бидат поврзани со политичките активности, да примаат парични средства од политичките партии итн.;
- Активност 1Б: Да се бара од министерствата и државните институции кои соработуваат со ГО да дефинираат јасни критериуми за доделување на јавните средства на ГО, и да ги објават тие критериуми, како и плановите и буџетите, корисниците и целите на таквото финансирање во сите случаи;
- Активност 1В: Креирање на механизам за ГО и меѓународни донаторски агенции да воспостават систем на јавно известување за сите донаторски финансирања на ГО, цели (поддржани активности), износи и конкретни корисници;
- Активност 1Г: Имплементација на Законот за здруженија на граѓани и фондации за стандарди, критериуми и процедури преку кои од ГО ќе се бара да управуваат со своите финансии;
- Активност 1Д: Да се бара од сите ГО од јавен интерес да ги објавуваат нивните годишни извештаи, вклучувајќи ги и буџетите, трошоците, активностите и ревизорските извештаи;
- Активност 1 Ѓ: Утврдување законска обврска со која информациите од Активност 1Д мораат да бидат доставени до Регистер на ГО при Генералниот секретаријат на Владата и да бидат достапни на јавноста;
- Активност 1Е: Развој на Етички кодекс за граѓанскиот сектор, за да се подобри практиката и кредибилитетот на ГО во очите на јавноста. Спроведувањето на Кодексот да биде следено од Граѓански етички комитет.

**Клучни индикатори на работењето:**

КИР1: Број на ГО со објавени годишни финансиски извештаи од страна на овластени ревизори ПОДЕЛЕН СО вкупен број на ГО кои мора да бидат предмет на ревизија од страна на овластени ревизори;

КИР2: Број на ГО кои ги објавуваат извештаите за донации од меѓународните донатори (целосно, коректно и навремено на својата WEB страна) ПОДЕЛЕН СО број на ГО кои имаат обврска за поднесување извештај.

## АКЦИОНЕН ПЛАН за спроведување на Државната програма за превенција и репресија на корупцијата

**ФАЗА II (Година 2 + 3)**
**Фокусирање на:**

- **Зајакнување на одредени државни органи како што се Царинската управа и Управата за јавни приходи, ДСПП, ДКСК, Финансиската полиција и други органи за спроведување на законот (соработка со размена на податоци преку база на податоци, процедури и мрежно поврзување);**
- **Органите за спроведување на законот да постапуваат по барањата на правосудните органи;**
- **Финансирање на политичките партии и транспарентност во изборните кампањи;**
- **Зајакнување на улогата на Собранието на РМ во спречувањето на корупцијата;**
- **Подобрување на работењето на правосудните органи во спроведување на законот;**
- **Спроведување на мерит-системот во јавната администрација на централно и локално ниво;**
- Зајакнување на улогата на регулаторните тела во радиодифузната дејност и донесување на новиот Закон за авторски права;
- Транспарентност во јавната администрација на централно и локално ниво;
- Зајакнување на медиумите и истражувачкото новинарство (континуирани обуки);
- Системска политика за граѓанските организации.

**ФАЗА III (Година 3 + 4)**
**Фокусирање на:**

- Системска политика за граѓанските организации;
- Зајакнување на медиумите и истражувачкото новинарство;
- Финансирање на политичките партии и транспарентност во изборните кампањи;
- Транспарентност во јавната администрација на централно и локално ниво;
- Подобрување на работењето на правосудните органи во спроведување на законот;
- Органите за спроведување на законот да постапуваат по барањата на правосудните органи;
- Зајакнување на улогата на Собранието на РМ во спречувањето на корупцијата.

# МАТРИЦИ И ПРОБЛЕМИ

## КАРАКТЕРИСТИЧНИ ЗА ОДРЕДЕНИ СТОЛБОВИ НА СИТЕМОТ ЗА НАЦИОНАЛЕН ИНТЕГРИТЕТ

## СТОЛБ 1

## Политички систем, Собрание и политички партии

## Проблеми специфични за Столбот бр. 1:
## Политички систем, Собрание и политички партии

**1. НЕДОВОЛНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ во финансирањето на политичките партии**

**2. НЕДОВОЛНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ во финансирањето на изборните кампањи**

**3. НЕДОВОЛНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ во однос на откривањето на имотната состојба на јавните функционери**

**4. ВИСОКО НИВО НА НЕПОТИЗАМ И КРОНИЗАМ ВО ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ при назначување и менување на највисоки владини службеници по секои избори**

**5. СЛАБА ЗАЛОЖБА од страна на Собранието на РМ / пратениците во однос на востановените правила и постапките при донесување на законите**

**6. НЕДОВОЛНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ во внатре партиските одлуки**

**7. НИСКО НИВО НА ПОДДРШКА за активностите за спречување на корупција од страна на Собранието**

## Приоритетен проблем 1 од Столб I - Политички систем, Собрание и политички партии

| Проблем бр. 1 од Столб I: | |
|---|---|
| Проблем бр. 1 од Столб I:<br><br>НЕДОВОЛНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ во финансирањето на политичките партии | **Оправдување:**<br>**Недостигот на транспарентност во финансирањето на политичките партии доведува до практика на услуги, очекувања и противуслуги од страна на политичките партии кон поединци, фирми односно групи од интерес. Ова се одразува во давање привилегии при склучувањето на договори, избегнување на законските постапки за јавни набавки во однос на конкурентското наддавање, како и назначување на позиции на роднини односно пријатели на луѓе/компании кои обезбедиле финансирање на политичките партии на власт - таквите назначувања се спротивни на меѓународните правила за непотизмот. Финансирањето на политички партии преку непознати и често пати нелегални извори се одразува во донесувањето на закони, тргување со влијанија и лобирање за интересите на неколку поединци или компании, а кои не придонесуваат за доброто на земјата во целост.** |
| | **Категоризација:**<br>**Опфаќа повеќе столбови** |
| | **Статус наспроти постојната програма и план:**<br>**Проблемот е детерминиран во претходната државна програма за превенција и репресија на корупцијата. Од вкупно предложени три активности , две активности се предложени и во претходната државна програма, а една од нив е целосно нова.** |

| **Проблем 1 Активност 1А-В** | **Посочени се можни индикатори на активности (ИА) поврзани со Проблемот #1, доколку е преурането за КИР (клучни индикатори на работењето) да покажат резултат**<br><br>**(ИА „може“ да се предложат, а КИР се „задолжителни“)** | **кратко рочни резултати се видливи** | **среднороч ни резултати се видливи** | **долгорочни резултати се видливи** | **КИР за секоја активност поврзана со Проблемот бр. 1** | **краткорочни резултати се видливи** | **среднорочни резултати се видливи** | **долгорочни резултати се видливи** | **а, б1, б2, в ?** | **Кој?** | **Колку често?** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активност 1А**<br>**Да се предложат измени во Законот за финансирање на политичките партии со што ќе се предвиди потранспарентно финансирање на политичките партии (т.е., откривање на изворите на финансирање, систем на контроли, вклучување на донациите и нивните извори, механизми за објавување на извештаите и спроведување на активности како последица од извештаите, вклучувајќи и построги казни)** | ИА1: Одржување на тркалезна маса со учесници од Министерството за финансии, Министерство за правда, ДКСК, ДИК, УЈП, ДЗР и претставници на различните политички партии за измена на законот | | x | | КИР1: Број на поднесени финансиски извештаи од страна на политичките партии<br>ПОДЕЛЕНО СО<br>бројот на политички партии | | x | | б2 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ приоритет , (УЈП и Државен завод за ревизија) | Годишно |
| | ИА2: Број на јавни дебати за нацрт законот, за да се добијат повратни информации од граѓанскиот сектор, политичките партии и државните органи и претставниците на медиумите. | | x | | КИР2: Број на финансиски извештаи кои содржат прекршувања на законот<br>ПОДЕЛЕНО СО<br>број на извештаи | | x | | б2 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ приоритет , (УЈП и Државен завод за ревизија) | Годишно |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ИА3: Изменет Законот за финансирање на политички партии | | x | | КИР3: Број на финансиски извештаи кои содржат прекршувања на законот, и по кои се донесени одлуки, ПОДЕЛЕНО СО бројот на извештаи кои содржат прекршувања на законот | | | x | б2 | МИНИСТЕРСТВО ЗА ФИНАНСИИ и судот | Годишно |
| | ИА4: Воспоставен механизам за јавно објавување на финансиските извештаи | | | x | КИР4: Бројот на изречени санкции ПОДЕЛЕНО СО број на поднесени пријави | | | x | б2 | Судот | Годишно |
| | | | | | КИР5: Број на партии кои ги објавуваат финансиските извештаи на нивните WEB страни | | | x | в | политички партии | годишно |
| **Активност 1Б:** **Донесување на измени и дополнувања на Законот за државната ревизија со цел да се зајакне улогата на ДЗР како независен контролор на финансирањето на политичките партии, развивање, спроведување и поведување на потребните постапки** | ИА1: Донесени измени и дополнувања на Законот за државната ревизија | | x | | *Поврзано со Проблем #1 од Столб 5, активности 1А, 1Б, 1В, 1Г.* | | x | | | | |
| | ИА2: Развиени и спроведени нови постапки во рамките на ДЗР со цел оваа институција да може да врши ревизија на финансирањето на политичките партии | | x | | *Исто како погоре.* | | x | | | | |
| **Активност 1В:** **Преземање на активности од страна на надлежните органи врз база на извештаите од ДЗР - по извештаите доставени од страна на политичките партии** | ИА1: Во врска со активност 1В, поставување на нов систем за доставување на извештаи до ДЗР (дефинирање на нови елементи во извештаите) | | x | | КИР1: Број на покренати постапки од страна на надлежните органи врз основа на доставени извештаи од ДЗР ПОДЕЛЕНО СО бројот на извештаи доставени од страна на политичките партии | | x | | б2 | ДЗР -Вкупен број на извештаи, а Судот - покренати постапки | Годишно |
| | | | | | КИР2: Број на изречени санкции на политичките партии ПОДЕЛЕНО СО вкупен број на покренати постапки по извештаите | | x | | б1 | Судот | Годишно |

**Приоритетен проблем 2 од Столб I – Политички систем, Собрание и политички партии**

| Проблем бр. 2 од Столб I: | |
|---|---|
| **Проблем бр. 2 од Столб I:**<br><br>**НЕДОВОЛНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ во финансирањето на изборните кампањи** | **Оправдување:**<br>**Недоволно регулирање на финансирањето на изборните кампањи, како и недоволна транспарентност на финансирањето на изборите, доведува до проблеми поврзани со корупцијата слични како и во случајот на финансирањето на партиите, но освен тоа, во овој случај се генерира корупција преку нелегално финансирање на изборите преку компании во државна сопственост, јавни претпријатија, итн. На тој начин трошоците на партиите за избори се донесуваат до ниво над дозволеното, согласно законските одредби. Понатаму, немањето на разработени правила за финансирање на изборните кампањи ја нарушува традиционалната улога на независни и демократски избори и ја попречува можноста за владеење на правото. Различни вклучени страни, како што се медиумите, често пати даваат предност на некои партии за сметка на други. Оние партии кои добиваат најголеми „донации“, во средства или во услуги (на пример бесплатно рекламирање), имаат предност во однос на нивните конкуренти. Нема доволна контрола на „донациите“. Можностите за влијание и политичка корупција се големи.** |
| | **Категоризација: Опфаќа повеќе столбови**<br><br>**Објаснување:**<br>**Политичката структура влијае на целиот систем на управување.** |
| | **Статус во однос на постојната програма и план:**<br>**Проблемот е детерминиран во претходната државна програма за превенција и репресија на корупцијата.Од вкупно предложени две активности, една активност е предложена и во претходната државна програма, а една од нив е потполно нова.** |

| **Проблем 2 Активност 2А-В** | Посочени се можни индикатори на активности (ИА) поврзани со Проблемот #2, доколку е преурането за КИР (клучни индикатори на работењето) да покажат резултат<br><br>(ИА „може“ да се предложат, а КИР се „задолжителни“) | **краткорочни резултати се видливи** | **среднорочни резултати се видливи** | **долгорочни резултати се видливи** | КИР за секоја активност поврзана со Проблемот бр. 2 | **краткорочни резултати се видливи** | **среднорочни резултати се видливи** | **долгорочни резултати се видливи** | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| Активност 2А<br>Измени и дополнувања на изборниот законик во делот на финансирањето на политички кампањи, со воведување на потранспарентни постапки. | ИА1: Донесени измени и дополнувања во Изборниот законик кои ги одразуваат најдобрите меѓународни практики | | x | | КИР1: Износ на средства потрошени на политички кампањи, процент од страна на надлежните органи<br>ПОДЕЛЕНО СО<br>износот на средства на политички кампањи, кои законот го дозволува | | x | | б2 | ДИК, ДЗР | по секои избори |
| | ИА2: Воведени координирани механизми за надворешна контрола, за да се овозможи на ДЗР, ДКСК и граѓанските организации да вршат подобро следење на финансирањето во изборните кампањи | | x | | КИР2: Број на извештаи кои не се доставени навреме<br>ПОДЕЛЕНО СО<br>вкупен број на извештаи кои треба да се достават | | x | | б2 | ДИК | по секои избори |
| | ИА3: Изворите за финансирање на изборните кампањи се објавени на WEB страниците на политичките партии и на Државната изборна комисија | | x | | КИР3: Број на доставени извештаи во кои се содржат нерегуларности<br>ПОДЕЛЕНО СО<br>вкупниот број на доставени извештаи | | x | | б2 | ДИК, ДЗР | по секои избори |

| | | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ИА4: Државната изборна комисија има надлежност да елиминира политичка партија од учество на следните избори ако не ги доставила финансиските извештаи за финансирање на изборната кампања од последните избори | | x | | КИР4: Број на политички партиии на кои им е забрането учеството на избори од страна на Државната изборна комисија ПОДЕЛЕНО СО вкупниот број на партии кои учествуваат во изборите | | x | | б2 | ДИК | за секои избори |
| **Активност 2Б** **Менување на Законот за радиодифузна дејност (споредба на „активно“ наспроти „платено“ време, плаќање на даноци на можните „дисконти“ од страна на медиумите, и сметање на таквите дисконти како донации на конкретна партија, однапред објавени ценовници и дисконти од страна на медиумите).** | ИА1: Воведени нови измени во Законот за радиодифузна дејност | | x | | КИР1: Поднесените извештаи за трошоците за изборно рекламирање изразени во посебен образец од страна на политичката партија ПОДЕЛЕНО СО вкупното време за кое секоја политичка партија се рекламирала за време на изборите, проценето во пари | | x | | б1 | ДИК, Совет за радио дифузија | за секои избори |
| | ИА2: Развиени механизми за надворешна контрола, во смисла на преземање мерки по основ на извештаите за финансирање на изборите, доставени од страна на партиите (ДИК, ДЗР, ДКСК, граѓански организации) | | x | | КИР2: Износ на донации од страна на медиумите на политичката партија ПОДЕЛЕНО СО вкупните трошоци за рекламирање на политичката партија за изборната кампања | | x | | б1 | Медиуми, ДИК | за секои избори |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ИА3: Правила и принципи во врска со рекламирањето на партиите за време на изборите, утврдени во Законот за радиодифузна дејност за бесплатно рекламирање на Собранискиот канал на МРТ. | | x | | | | | | | | |
| | ИА4: Трговски радиодифузни друштва однапред да го известат Советот за радиодифузна дејност за цените и дисконтите за рекламирање дадени на политичките партии | | x | | | | | | | | |
| **Активност 2В:**<br>**Да се осигури спроведувањето на новите процедури за известување за изворите и трошоците, во контекст на измените во рамките на активностите 2А и 2Б.** | ИА1: Усвојување на стандарден образец за извештаи доставени од страна на политичките партии до ДЗР, Министерство за финансии и Државната изборната комисија. | | x | | КИР1: Број на доставени извештаи<br>ПОДЕЛЕНО СО<br>број на политички партии кои учествуваат на изборите и треба да доставуваат такви извештаи | | x | | б | МФ, ДЗР, УЈП | за секои избори |

**Приоритетен проблем 3 од Столб I - Политички систем, Собрание и политички партии**

| Проблем бр. 3 од Столб I: | |
|---|---|
| **Проблем бр. 3 од Столб I:**<br><br>**НЕДОВОЛНА ТРАНСПАРЕНТНОСТ И ОТЧЕТНОСТ во однос на откривањето на имотната состојба на јавните функционери** | **Оправдување:**<br>**Постои законска обврска за откривање на имотната состојба, но сепак спроведувањето е слабо и нема адекватна контрола и спроведени санкции. Нетранспарентното и несоодветното откривање на вкупниот имот и средства од страна на избраните и именувани функционери, како и на носителите на јавните функции, овозможува постоење на директна финансиска врска помеѓу политичарите и одреден број лица кому тие служат (наместо на гласачите односно на целата земја), без страв од судска казна. Ова, исто така, доведува до неограничено движење кон врвот на политичките структури со единствена цел за лично збогатување.** |
| | **Категоризација**<br>**конкретна институција (УЈП и ДКСК)**<br><br>**Објаснување:**<br>**Според Законот за спречување на корупција, ДКСК и УЈП се одговорни за прибирање и контролирање на поднесените имотни листи. Освен тоа, по измените во ноември 2006 година, ДКСК е надлежна за објавување на податоците од имотните листи на нивната интернет страница.** |
| | **Статус во однос на постојната програма и план:**<br>**Проблемот е целосно нов, односно истиот воопшто не е содржан во претходната Државна програма за превенција и репресија на корупцијата.** |

| **Проблем 3 Активност 3А-Г** | **Посочени се можни индикатори на активности (ИА) поврзани со Проблемот #3, доколку е преурането за КИР (клучни индикатори на работењето) да покажат резултат**<br><br>**(ИА „може“ да се предложат, а КИР се „задолжителни“)** | **краткорочни резултати се видливи** | **среднорочни резултати се видливи** | **долгорочни резултати се видливи** | **КИР за секоја активност поврзана со Проблемот бр. 3** | **краткорочни резултати се видливи** | **среднорочни резултати се видливи** | **долгорочни резултати се видливи** | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активност 3А:**<br>**Да се зголеми капацитетот на ДКСК и УЈП во однос на евидентирање и следење на содржината и точноста на пријавената имотна состојба во анкетните листови.** | ИА1: Зголемен број на квалификуван персонал во ДКСК и УЈП за евидентирање и следење на пријавената имотна состојба | x | | | КИР1: Број на контролирани анкетни листови од ДКСК ПОДЕЛЕНО СО вкупниот број на анкетни листови | x | | | а | ДКСК | 6 месеци |
| | ИА2: Број на обуки обезбедени до сега за целокупниот персонал, процент на обучен персонал | x | | | КИР2: Број на иницирани постапки за испитување на имотната состојба од страна на ДКСК до УЈП ПОДЕЛЕНО СО вкупен број на анкетни листови | x | | | а | ДКСК | 6 месеци |
| | ИА3: Обезбедена техничка опрема за подобрување на работењето на УЈП и ДКСК | x | | | КИР3: Број на поведени постапки од страна на УЈП ПОДЕЛЕНО СО број на поднесени пријави од страна на ДКСК | | x | | а | УЈП, ДКСК | Годишно |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | КИР4: Број на поднесени кривични пријави до ЈО<br>ПОДЕЛЕНО СО<br>број на спроведени постапки од УЈП | | x | | a | УЈП | Годишно |
| | | | | | КИР5: Број на покренати обвиненија од ЈО<br>ПОДЕЛЕНО СО<br>број на поднесени кривични пријави од УЈП | | x | | a | ЈО | Годишно |
| | | | | | КИР6: Број на осудителни пресуди<br>ПОДЕЛЕНО СО<br>број на покренати обвиненија | | x | | a | суд | Годишно |
| | | | | | КИР7: Износ на наплатен данок од поединечни постапки на УЈП по иницијативи на ДКСК<br>ПОДЕЛЕНО СО<br>вкупниот наплатен износ на данок по основ на испитување на имотната состојба | | x | | a | УЈП | Годишно |
| **Активност 3Б:**<br>**Ажурирање / креирање на база на податоци во УЈП и во ДКСК, и нејзино поврзување со сите релевантни институции (на пример ДЗГР, Дирекција за спречување на перење пари) преку мрежа, со што се овозможува клучните информации бидат достапни на УЈП и ДКСК.** | ИА1: Креирање на стандарден формат за размена на податоци | x | | | | | | | | | |
| | ИА2: Обезбедена техничка опрема | x | | | | | | | | | |
| | ИА3: Развиен прирачник | x | | | | | | | | | |
| | ИА4: Обука на персонал | x | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ИА5: Да се воспостават процедури за проверка на имотната состојба од анкетните листови за службените лица и државните службеници кои се доставуваат до органот каде што тие се вработени | x | | | | | | | | | |
| **Активност 3В:**<br>**Промена на режимот на пријавување на имотот, така што: а) ќе се изготви нов образец за пријавување на имотната состојба (со кој ќе се штитат личните податоци согласно со закон); и б) попрецизно ќе се утврдат целните групи во рамките на Законот за спречување на корупција** | ИА1: Изготвен и донесен е новиот образец за пријавување на имотната состојба | x | | | КИР1: Број на лица што го пополниле образецот за пријавување на имотната состојба<br>ПОДЕЛЕНО СО<br>бројот на лица кои имаат обврска да го пополнат образецот за пријавување на имотната состојба | | x | | а | ДКСК | Квартално |
| | ИА2: Измененет е Законот (за да се обезбеди попрецизна дефиниција на целните групи за пријавување на имотот) | | x | | | | | | | | |
| **Активност 3Г:**<br>**Имена и дополна  на Законот за спречување на корупцијата со пропишување на построги санкции за непочитување на законските одредби за пријавување на имотната состојба како и да се предвиди немозност за примање на плата и друг надоместок  во случај на неподнесен анкетен лист се додека ДКСК не издаде потврда дека обврската е извршена.** | ИА1: Изменет е Законот и се воспоставени  построги санкции | x | | | КИР1: Број на изречени прекршочни казни<br>ПОДЕЛЕНО СО<br>број на поднесени барања за поведување на прекршочна постапка од страна на ДКСК | | x | | а | Судот | 6 месеци |

## Приоритетен проблем 4 за Столб I – Политички систем, Собрание и политички партии

| | |
|---|---|
| **Проблем бр. 4 за Столб I:**<br><br>**ВИСОКО НИВО НА НЕПОТИЗАМ И КРОНИЗАМ ВО ПОЛИТИЧКИТЕ ПАРТИИ при назначување и менување на највисоки владини службеници по секои избори** | **Оправдување:**<br>**Во земја каде уделот на владата во економијата е многу голем, и каде владата е работодавач број еден, опасно е политичките партии да имаат директна контрола врз вработувањата. Истото се однесува на локалните власти. Како последица, назначувањето односно менувањето на вработените во администрацијата по партиска линија врши нарушување на доброто функционирање на јавната администрација, со тоа што моќта за одлучување не е во рацете на најспособните, туку е во рацете на најлојалните. Оттука, потребно е постојните норми против непотизмот и кронизмот доследно да се применуваат и да се променат и зајакнат механизмите за контрола и транспарентност.** |
| | **Категоризација: Опфаќа повеќе столбови** |
| | ИА 2 : Зголемен обем на кредитни гаранции и други инструменти кои се користат во финансирање на мали и средни претпријатија | | X | | КИР 2: Зголемено користење на стимулациите од страна на малите и средните претпријатија и странските инвеститори. | | X | | a | Македонска банка за поддршка на развојот | годишно |
| | ИА 3: Воведени стимулации за странски директни инвестиции (на пр. привремено ослободување од даноци) | | X | | | | | | | | |
| **Активност 5В:**<br>**Оценка за остварување на стратегијата за конкурентсност и нејзина операционализација и вложување во неа** | ИА 1: Изработен акционен план на стратегијата за конкурентност на Македонија | X | | | КИР 1: Подобрување во показателите на меѓународна конкурентност на Македонија | | X | | a | Национален совет за конкурентност | годишно |
| | ИА 2: Целосно финансирана и спроведена стратегија | | X | | КИР 2: Ниво на финансиски средства за стратегијата за конкурентност | | X | | a | Национален совет за конкурентност | годишно |
| | | | | | КИР 3: Ниво на поддршка од Владата и приватниот сектор на стратегијата за конкурентност, измерено преку анкети | | X | | a | Национален совет за конкурентност | годишно |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активност** 5Г:<br>**Да се зајакне корпоративното управување со измени на Законот за трговските друштва, хартии од вредност, банки и кривичниот законик, со цел да се подобри отчетноста, да се намалат можностите за измама и корупција и да се подобри пристапот до акционерскиот капитал.** | ИА 1: Утврдени и разработени дополнителни реформи во обласа на корпоративно управување | X | | | КИР 1: Број на одлуки на раководителите оспорени од страна на акционерите во акционерски друштва | | X | | б1 | Стопански комори на РМ | годишно |
| | ИА 2: Спроведени дополнителни реформи во обласа на корпоративното управување<br>(преку натамошни промени во структурата на претпријатијата, системи за известување, парници и кривични обвиненија) | | X | | КИР 2: Подобрување во меѓународните показатели за корпоративно управување во државата | | X | | б1 | Стопански комори на РМ | годишно |
| | ИА 3: Засилени реформи во обласа на корпоративното управување | | X | | КИР 3: Годишно зголемување на бројот на истражувачки прилози во медиумите за деловни или банкарски измами и корупција | | X | | б1 | медиуми | годишно |
| | ИА4: Усвојување на Кодекс за корпоративно управување на банките и финансискиот сектор | | | | КИР 4: Подобрено работење на банкарскиот сектор, измерено преку големина и квалитет на портфолијата, разлики меѓу активни и пасивни каматни стапки, профитабилност и процент од населението кои имаат сметки во банки. | | | X | а | НБРМ | годишно |

# СТОЛБ 6

# Граѓанско општество, медиуми и синдикати

## Проблеми специфични за Столбот бр. 6:
## Граѓанско општество, медиуми и синдикати

**1. НИСКО НИВО НА ТРАНСПАРЕНТНОСТ и недостиг од добро управување во граѓанското општество**

**2. НИСКО НИВО НА ТРАНСПАРЕНТНОСТ во однос на сопственоста и финансирањето на медиумите**

**3. НЕДОВОЛЕН КАПАЦИТЕТ (и можности) за ГО да ги исполнат своите мисии во однос на борбата против корупцијата, т.е. следење на корупцијата и соработување со Владата за нејзино спречување, и да останат одржливи додека го прават тоа.**

**4. НЕДОВОЛЕН КАПАЦИТЕТ на националните и локалните медиуми за разоткривање и истражување и придонес во борбата против корупцијата**

**5. НЕДОВОЛНО СПРОВЕДУВАЊЕ И НАДЗОР над законодавството за радиодифузни друштва (лиценцирање, авторски права, кабелски телевизии)**

**6. СЛАБИ И ЗАВИСНИ синдикални здруженија**

## Приоритетен проблем бр. 1 од Столбот VI - Граѓанско општество, медиуми и синдикати

| Проблем бр. 1 од VI столб: | |
|---|---|
| **Ниско ниво на транспарентност и недостиг од добро управување во граѓанското општество** | **Оправдување:**<br>**Граѓанскиот сектор нема доволен кредибилитет во очите на поширокота јавност, особено како резултат на ниското ниво на транспарентност во однос на финансиските ресурси / извори на граѓанските организации (ГО). Ова особено се должи на слабите системи за управување и финансиско известување. Меѓународни донатори ги финансираат најголем дел од ГО, но донациите и нивните цели не се јасни и транспарентни за јавноста. Недоволната транспарентност за финансиските ресурси на ГО овозможува тие да зависат од групи од интерес. Тоа исто така им овозможува на владите односно на политичките партии да креираат ГО за уште повеќе да ги прошират партиските интереси, и да користат јавни / донаторски средства за приватни, поточно партиски цели.** |
| | **Категоризација:**<br>**Опфаќа повеќе столбови.** |
| | **Статус во однос на постојната програма и план:**<br>**Проблемот е детерминиран во предходната Државната програма за превенција и репресија на корупцијата. Од вкупно предвидени седум активности, четири се содржани во предходната Државна програма, додека три од нив се целосно нови.** |

| **Проблем 1 Активност 1А-Е** | **Посочени се можни индикатори на активности (ИА) поврзани со Проблемот #1, доколку е преурането за КИР (клучни индикатори на работењето) да покажат резултат**<br><br>**(ИА „може“ да се предложат, а КИР се „задолжителни“)** | **краткорочни резултати се видливи** | **среднорочни резултати се видливи** | **долгорочни резултати се видливи** | **КИР за секоја активност поврзана со Проблемот бр. 1** | **краткорочни резултати се видливи** | **среднорочни резултати се видливи** | **долгорочни резултати се видливи** | **а, б1, б2, в?** | **Кој?** | **Колку често?** |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активност 1А:**<br>**Јасно дефинирање во законот што е тоа граѓанска организација (ГО), статус на ГО од јавен интерес, нејзината структура, цели, активности, апликациски процедури, судир на интереси, непартизираност и обврски за финансиско известување кон јавноста. Непартизираноста значи дека членовите на раководните тела на политичките партии не можат да бидат избрани или назначени како членови на раководни тела на ГО; ГО регистрирани како ГО од јавен интерес секако не можат да бидат поврзани со политичките активности, да примаат парични средства од политички партии итн.** | ИА1: Законот за здруженија на граѓани и фондации, е изменет и е воспоставено јавно објавување на финансиските извештаи на ГО | x | | | КИР1: Број на ГО со објавени годишни извештаи<br>ПОДЕЛЕН СО<br>Број на ГО | | X | | б1 | институција предвидена во Законот за здруженија на граѓани и фондации | 1 година |
| | ИА2: Воспоставена обврска за ГО да објавуваат годишни финансиски извештаи од овластените ревизори | x | | | КИР2: Број на ГО од јавен интерес<br>ПОДЕЛЕН СО<br>вкупен број на ГО | | x | | б1 | Ценрален регистар | 1 година |
| | ИА3: Воведена законска обврска за ГО да објавуваат извештаи за судир на интереси на членовите на управувачките тела т.е. Промена на Законот за здруженија и фондации | x | | | КИР3: Број на ГО со објавени годишни финансиски извештаи од страна на овластени ревизори<br>ПОДЕЛЕН СО<br>вкупен број на ГО кои мора да бидат предмет на ревизија од страна на овластени ревизори | | x | | б1 | ДЗР или институција предвидена во Законот за здруженија на граѓани и фондации | 1 година |
| | ИА4: Воспоставена обврска за сите ГО од јавен интерес да бидат предмет на ревизија од страна на овластени ревизори согласно со законски утврдени критериуми. | | x | | КИР4: Број на ГО со наоди (кои предвидуваат итни активности за корегирање) во ревизорските извештаи<br>ПОДЕЛЕН СО<br>број на ГО кај кои е извршена ревизија | | x | | б1 | ДЗР или друга институција предвидена во Законот за здруженија на граѓани и фондации | 1 година |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | КИР5: Број на извршени корекции<br>ПОДЕЛЕНО СО<br>бројот на ревизорски наоди за корекција | | x | | б1 | институција предвидена во Законот за здруженија на граѓани и фондации | 1 година |
| **Активност 1Б:**<br>**Да се бара од министерствата и државните институции кои соработуваат со ГО да дефинираат јасни критериуми за доделување на јавните средства на ГО, и да ги објават тие критериуми, како и плановите и буџетите, корисниците и целите на таквото финансирање во сите случаи.** | ИА1: Разгледана и утврена меѓуресорска политика за дефинирање на критериумите, во консултации со ГО секторот | | x | | КИР1: Број на државни институции кои доставуваат целосни извештаи во однос на финансирањето на ГО<br>ПОДЕЛЕН СО<br>вкупен број на државни институции кои финансираат ГО | | x | | б1 | Генерален секретаријат на Владата и на ДКСК | 1 година |
| | ИА2: Јавно се објавуваат критериумите, плановите и буџетите, корисниците и цели за кои министерствата ги финансираат ГО, на интернет страницата на секое вклучено министерство, службен весник и два дневни весника | | x | | | | | | | | |
| **Активност 1В:**<br>**Креирање на механизам за ГО и меѓународни донаторски агенции да воспостават систем на јавно известување за сите донаторски финансирања на ГО, цели (поддржани активности), износи, и конкретни корисници.** | ИА1: Одржан состанок на донатори и ГО со цел развивање и воспоставување на систем на известување во рамките на Активност 1В | x | | | КИР 1: Број на ГО кои ги објавуваат извештаите за донации од меѓународните донатори (целосно, коректно и навремено на својата WEB страна)<br>ПОДЕЛЕН СО<br>број на ГО кои имаат обврска за поднесување извештај | | x | | б1 | ДКСК | 3-6 месеци |
| | ИА 2: Одржани се редовни состаноци со донатори со цел за спроведување на Активноста 1В, на тримесечна основа (вклучувајќи и идентификација на агенција за олеснување) | x | | | | | | | | | |
| | ИА 3: Имплементиран механизам за известување | x | | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активност 1Г:**<br>**Имплементација во Законот за здруженија на граѓани и фондации на стандарди, критериуми и процедури преку кои од ГО ќе се бара да управуваат со своите финансии.** | ИА 1: Ажурирани се управувачките стандарди, критериуми и процедури во Законот на здруженија на граѓани и фондации | x | | | КИР1: Број на ГО кои ги следат новите постапки<br>ПОДЕЛЕН СО<br>вкупен број на ГО | | x | | а | УЈП | |
| **Активност 1Д:**<br>**Да се бара од сите ГО-а од јавен интерес да ги објавуваат нивните годишни извештаи, вклучувајќи буџети, трошоци, активности и ревизорските извештаи.** | ИА1: Се спроведуваат меѓународните стандарди за финансиско известување (IFRS) и стандарди за изготвување и поднесување на јавни годишни извештаи од страна на ГО од јавен интерес | | x | | КИР1: Број на ГО од јавен интерес со целосни, коректни, навремени, добро структурирани, ревидирани годишни извештаи<br>ПОДЕЛЕН СО<br>вкупен број на ГО од јавен интерес | | x | | б1 | Централен регистер и УЈП | 1 година |
| | ИА2: Финансиските извештаи во рамките на годишните извештаи да се ревидираат од страна на овластените ревизори | | x | | КИР2: Број на ГО од јавен интерес, со ревизорски препораки за преземање на поправни активности<br>ПОДЕЛЕН СО<br>Број на ГО од јавен интерес со ревидирани годишни извештаи | | x | | б1 | Здружението на независни ревизори и УЈП | 1 година |
| **Активност 1Ѓ:**<br>**Утврдување законска обврска со која информациите од Активност 1Д мораат да бидат доставени до Регистерот на ГО при Генералниот секретаријат на Владата и да бидат достапни на јавноста** | ИА1: Регулативата за регистрирање на ГО од јавен интерес е усвоена и донесени се правила за поднесување на податоци и годишни извештаи од страна на ГО од јавен интерес, вклучувајќи и поднесување на изјави за не-партиско влијание развиено во ИА1 | | x | | | | | | | | |
| | ИА2: Воведување на регистер на ГО од јавен интерес | | x | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ИА3: Воспоставување на механизам за пристапување до информациите од регистерот | | x | | | | | | | | |
| **Активност 1Е:<br>Развој на Етички кодекс за граѓанскиот сектор, за да се подобри практиката и кредибилитетот на ГО во очите на јавноста.Спроведувањето на Кодексот да биде следено од Граѓански етички комитет.** | ИА1: Развиен и воспоставен Етичкиот кодекс во кој е потенцирана потребата од непартиско вијание | x | | | КИР1: Број на ГО кои го прифаќаат и потпишуваат Етичкиот кодекс на граѓанскиот сектор<br>ПОДЕЛЕН СО<br>вкупен број на ГО | | x | | б1 | Граѓански етички комитет | 1 година |
| | ИА2: Етичкиот кодекс е доставен до сите ГО за нивно писмено прифаќање | x | | | КИР2: Број на ГО кои го прекршиле Етичкиот кодекс за граѓанскиот сектор<br>ПОДЕЛЕН СО<br>вкупен број на ГО | | x | | б1 | Граѓански етички комитет | 1 година по создавањет о на ова тело |
| | ИА3: Воспоставено е следење на спроведувањето на Етичкиот кодекс (од страна на ново независно тело кое треба да се креира од страна на ГО со надворешни учесници) | | x | | | | | | | | |

**Приоритетен проблем бр. 2 од Столбот VI- Граѓанско општество, медиуми и синдикати**

| | |
|---|---|
| **Проблем бр. 2 од VI столб:**<br><br>**Ниско ниво на транспарентност во однос на сопственоста и финансирањето на медиумите** | **Оправдување:**<br>**Постои законска рамка со која се регулира и се бара транспарентност во однос на сопственоста на радиодифузни друштва, меѓутоа не и за печатените медиуми. Според оваа регулатива, лидерите на политички партии можат да поседуваат медиуми со што се поткопува медиумската независност. Финансиските ресурси / извори на медиумите не претставуваат јавни информации во пракса. Ова ја намалува независноста на медиумите преку несоодветно и нетранспарентно влијание од страна на политичките партии, и резултира во слабо новинарство кога се работи за борбата против корупцијата.** |
| | **Категоризација:**<br>**Опфаќа повеќе столбови** |
| | **Статус во однос на постојната програма и план:**<br>**Проблемот е детерминиран во претходната Државна програма за спречување на корупцијата. Од три активности, една е содржана во претходната Државна програма, додека две од нив се целосно нови** |

| **Проблем 2 Активност 2А-В** | **Посочени се можни индикатори на активности (ИА) поврзани со Проблемот #2, доколку е преурането за КИР (клучни индикатори на работењето) да покажат резултат**<br><br>**(ИА „може“ да се предложат, а КИР се „задолжителни“)** | **краткорочни резултати се видливи** | **среднорочни резултати се видливи** | **долгорочни резултати се видливи** | **КИР за секоја активност поврзана со Проблемот бр. 2** | **краткорочни резултати се видливи** | **среднорочни резултати се видливи** | **долгорочни резултати се видливи** | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активност 2А:**<br>**Пропишување на условите за регистрирање на медиумските организации. Тоа значи: Јавниот регистер мора да содржи детали за сопственичката структура и главните финансиски интереси во медиумските организации; регистрацијата мора да претставува предуслов за добивање на дозвола за работа. Непочитувањето на оваа одредба треба да доведе до укинување на постојните дозволи за радиодифузно друштво и парични казни за печатените медиуми. Регистарот треба да биде достапен на јавноста со тоа што ќе се постави на интернет страница и да се објави во јавно гласило.** | ИА1: Изменет е Законот за радиодифузна дејност (со забрана членови на лидерските структури на политичките партии да не може да учествуваат во сопственоста на медиумски организации) | x | | | КИР1: Број на медиумски организации во Регистерот по една година од спроведувањето<br>ПОДЕЛЕН СО<br>вкупниот број на медиумски организации | | x | | б1 | Совет за радио дифузија | Годишно |
| | ИА2: Законски е регулирана забраната членови на лидерските структури на политичките партии да не можат да учествуваат во сопственоста на печатени медиуми согласно со добрите практики во демократските општества. | x | | | КИР 2: Број на санкции изречени од Советот за радиодифузија<br>ПОДЕЛЕН СО<br>бројот на контроли извршени од Советот за радиодифузија во врска со Глава 3 од Законот за радиодифузна дејност | | x | | б1 | Совет за радио дифузија | Годишно |
| | ИА3: Советот за радиодифузија изработи правила за спроведување на Глава 3 од Законот за радиодифузна дејност со цел да се идентификуваат физичките и правните лица кои се сопственици на медиуми | | x | | | | | | | | |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ИА4: Регистерот за радиодифузно друштво е сеопфатен и достапен за јавноста | | x | | | | | | | | |
| **Активност 2Б:**<br><br>**Спроведување на препораката на Советот на Европа за транспарентност во сопственоста врз медиумите: законско регулирање за печатените медиуми, а за радиодифузните друштва во постојниот Закон за радиодифузна дејност** | ИА1: Законски е регулирана транспарентноста на сопственоста на печатените медиуми | x | | | КИР1: Број на медиумски организации кои не ги исполнуваат правните услови за транспарентност на сопственоста<br>ПОДЕЛЕН СО<br>вкупен број на медиумски организации | | x | | б1 | СРД, Орган согласно Законот за печатени медиуми | 1 година |
| | ИА 2: Спроведени одредбите во врска со транспарентност на сопственоста на радиодифузно друштво во Законот за радиодифузна дејност (преку извршни активности од страна на Советот за радиодифузија и судовите) | | x | | КИР2: Број на иницирани постапки за непочитување на законските одредби во делот на сопственоста на радиодифузните друштва<br>ПОДЕЛЕН СО<br>вкупен број на радиодифузни друштва | | x | | а | СРД | 1 година |
| | ИА3: Воспоставен Регистер на печатени медиуми. | | x | | КИР3: Број на постапки во кои се изречени санкции<br>ПОДЕЛЕН СО<br>број на поведени постапки | | x | | а | СРД | 1 година |

## Приоритетен проблем бр. 3 од столбот VI - Граѓанско општество, медиуми и синдикати

| | |
|---|---|
| **Проблем бр. 3 од VI столб: Недоволен капацитет (и можности) за ГО да ги исполнат своите мисии во однос на борбата против корупцијата, т.е. следење на корупцијата и соработување со Владата за нејзино спречување, и да останат одржливи додека го прават тоа.** | **Оправдување:**<br>**Постојат само неколку ГО со капацитет да дејствуваат како надзор на спречувањето на корупцијата. Општо земено, на ГО им недостига финансиски капацитет за да обезбедат одржлив и независен граѓански сектор. Во општеството воопшто и во ГО постои ограничено разбирање за доброто управување и проблемите на корупцијата. Граѓанскиот сектор и Владата не се поврзани едни со други на конструктивни начини, и заедно не работат ефективно. Владата неодамна разви стратегија за соработка помеѓу државата и граѓанското општество. Ова е прва ваква стратегија, но се уште не е имплементирана.**<br><br>**Статус во однос на постојната програма и план:**<br>**Проблемот е целосно нов, односно тој воопшто не е содржан во предходната Државна програма за превенција и репресија на корупцијата.** |

| **Проблем 3 Активност 3А-Г** | **Посочени се можни индикатори на активности (ИА) поврзани со Проблемот #3, доколку е преурането за КИР (клучни индикатори на работењето) да покажат резултат**<br><br>**(ИА „може“ да се предложат, а КИР се „задолжителни“)** | **краткорочни резултати се видливи** | **среднорочни резултати се видливи** | **долгорочни резултати се видливи** | **КИР за секоја активност поврзана со Проблемот бр. 3** | **краткорочни резултати се видливи** | **среднорочни резултати се видливи** | **долгорочни резултати се видливи** | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активност 3А:**<br>**За да се зголеми финансирањето на граѓанското општество за зајакнување на одржливоста и да се предвидат даночни олеснувања во Законот за донации и спонзорства во јавните дејности, Законот за персоналниот данок од доход, и Законот за данок на добивка.** | ИА1: Даночните закони се изменети | | x | | КИР1: Износ на донации на ГО од јавен интерес | | x | | б1 | УЈП | Годишно |
| | | | | | КИР2: Вкупен износ на донации на ГО-а | | x | | б1 | УЈП | Годишно |
| **Активност 3Б:**<br>**Со цел да се зајакне партнерството помеѓу државата и граѓанското општество, треба да се спроведе новата владина стратегија за соработка помеѓу јавниот сектор и граѓанското општество.** | ИА1: Стратегијата е имплементирана | x | | | КИР 1: Број на проекти со јавно партнерство кои ги вклучуваат ГО и Владата<br>ПОДЕЛЕНО СО<br>број на проекти со приватно партнерство | x | | | б1 | Влада/Генерален секретаријат | Годишно |
| | ИА 2: Преземени партнерски активности | x | | | КИР 2: Износ на средства инвестирани од страна на Владата во проекти за јавно партнерство<br>ПОДЕЛЕНО СО<br>број на средства инвестирани со приватно партнерство | x | | | б1 | Влада/Генерален секретаријат | Годишно |
| **Активност 3В:**<br>**Зголемување на можностите за ГО да учествуваат во изготвувањето на политики, преку креирање на можности за учество во работата на владините и собраниските комисии надлежни за распределба на државните средства за ГО, усвојување / изменување на закон, како и при подготовката на прописи од соодветни области. Оваа можност да се утврди во деловниците за работа на Владата и Собранието.** | ИА 1: Изградени се критериумите за избор на претставници на граѓанскиот сектор во владините и собраниските комисии, во Акциониот план на стратегијата на Владата за партнерство помеѓу државата и граѓанското општество | x | | | КИР 1: Анкета за следење на влијанијата на претставниците на ГО во владините и собраниските комисии, да се спроведува на годишно ниво | x | | | б1 | ГО сектор | Годишно |
| | ИА 2: Претставувањето на ГО е утврдено | x | | | КИР 2: Број на прифатени предлози од ГО во донесените прописи<br>ПОДЕЛЕНО СО<br>бројот на поднесени предлози од ГО | | x | | б1 | ГО сектор, Влада, Собрание | Годишно |

## Приоритетен проблем бр. 4 од Столбот VI - Граѓанско општество, медиуми и синдикати

| Проблем бр. 4 од VI столб: | Оправдување: |
|---|---|
| Недоволен капацитет на националните и локалните медиуми и новинарите за разоткривање и истражување и придонес во борбата против корупцијата | Новинарите и медиумските организации немаат доволна независност и професионален капацитет за да вршат истражувања и да придонесат во борба против корупцијата. Разбирањето за проблемите со управувањето и корупцијата е особено ограничено во локалните медиуми. Новинарите се исто така предмет на политички притисоци односно заплашувања. Покрај тоа, не постои здружение на новинари-истражувачи за давање поддршка за капацитетот и независноста на овие новинари. |
| | |
| | Статус во однос на постојната програма и план:<br>Проблемот е целосно нов, односно истиот воопшто не е содржан во предходната програма за превенција и репресија на корупцијата. |

| Проблем 4 Активност 4А-В | Посочени се можни индикатори на активности (ИА) поврзани со Проблемот #4, доколку е преурането за КИР (клучни индикатори на работењето) да покажат резултат<br><br>(ИА „може" да се предложат, а КИР се „задолжителни") | краткорочни резултати се видливи | среднорочни резултати се видливи | долгорочни резултати се видливи | КИР за секоја активност поврзана со Проблемот бр. 4 | краткорочни резултати се видливи | среднорочни резултати се видливи | долгорочни резултати се видливи | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активност 4А:**<br>**Поддршка на новинарите-истражувачи преку обезбедување на обука и организирање конференции на теми како што се управување, владеење на правото, правните процедури, корупција и истражувачкото новинарство.** | ИА1: Спроведена е анализа на пропустите кај медиумските организации и подготвени се програми за обука. | x | | | КИР1: Број на обучени новинари-истражувачи<br>ПОДЕЛЕН СО<br>вкупен број на новинари | | x | | б1 | Новинарски здруженија и медиумите | Годишно |
| | ИА2: Спроведени се обуки за истражувачко новинарство | | x | | | | | | | | |
| **Активност 4Б:**<br>**Доработка и примена на постојниот Кодекс на однесување и етика за новинари за да се осигура квалитетот и етичката практика и изработка на Водич за истражувачкото новинарството** | ИА1: Внесени се измени во кодексот на однесување | x | | | КИР1: Број на новинари што го прекршиле Кодексот<br>ПОДЕЛЕН СО<br>вкупен број на новинари | x | | | б1 | Новинарски здруженија | Годишно |
| | ИА2: Воведени се кодекси на однесување со специфики за секоја медиумска организација засновани на изменетиот кодекс под ИА1 | x | | | КИР2: Број на новинари што се исклучени од здружението на новинари поради кршење на Кодексот<br>ПОДЕЛЕНО СО<br>бројот на водени постапки | x | | | б1 | Новинарски здруженија | Годишно |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ИА3: Изработен Водич за истражувачко новинарството во согласност со меѓународни најдобри практики и да се направи достапен за медиумите | | x | | | | | | | | |
| **Активност 4В:**<br>**Воведување на правна заштита за новинарите кои работат на истражувачко новинарство и нивните извори. Ограничување на пристапот на трети лица до идентитетот на изворите со примена на стандарди и постапки слични на оние кои се користат за заштита на сведоци во судска постапка.** | ИА1: Направена е анализа на легислативата со цел да се утврди кои закони треба да се изменат за да се воведе заштита на изворите на информации и новинарите од кривично гонење сврзано со предмети на корупција. | x | | | КИР1: Број на поплаки од новинари доставени до јавниот обвинител во врска со застрашувања, кои доведуваат до правни постапки<br>ПОДЕЛЕН СО<br>вкупен број на такви поплаки | | x | | б1 | JO | Годишно |
| | ИА2: Законите идентификувани во ИА1 се изменети и е воведена постапка слична на онаа за заштита на сведоци | | x | | КИР2: Број на поплаки од новинари до јавниот обвинител, во однос на правна заштита на нивните извори на информации, кои резултираат во забрани за приближување<br>ПОДЕЛЕН СО<br>вкупен број на поплаки за правна заштита на изворите | | x | | б1 | JO | Годишно |

| Приоритетен проблем бр. 5 од Столбот VI- Граѓанско општество, медиуми и синдикати | |
|---|---|
| **Проблем бр. 5 од VI столб:**<br><br>**Недоволно спроведување и надзор над законодавството за радиодифузни друштва (лиценцирање, авторски права, кабелски телевизии)** | **Оправдување:**<br><br>**Неспроведувањето на Законот за авторските и другите сродни права, како и на Законот за ДДВ, генерира голема количина на „непријавени трансакции“ со кои се врши корупција во државните органи и во регулаторните тела. Со менување на системот, од концесии во лиценци, треба да се обезбеди дека процесот не е дискриминаторски, и дека е конзистентен со Законот.**<br><br>**Статус во однос на постојната програма и план:**<br>**Проблемот е целосно нов, односно тој воопшто не е содржан во претходната Државна програма за превенција и репресија на корупцијата** |

| Проблем 5 Активност 5А | Посочени се можни индикатори на активности (ИА) поврзани со проблемот #5, доколку е Преурането за КИР (клучни индикатори на работењето) да покажат резултат<br><br>(ИА „може“ да се предложат, а КИР се „задолжителни“) | краткорочни резултати се видливи | среднорочни резултати се видливи | долгорочни резултати се видливи | КИР за секоја активност поврзана со Проблемот бр. 5 | краткорочни резултати се видливи | среднорочни резултати се видливи | долгорочни резултати се видливи | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активност 5А:**<br>**Спроведување на Законот за авторските и други сродни права како и ДДВ во полето на радиодифузни друштва и кабелските телевизии** | ИА1: Изменет е Законот за авторските и другите сродни права и воспоставен е Регистер на авторски права при Министерството за култура | x | | | КИР1: Број на изречени санкции од број на извршени контроли | | x | | б1 | СРД и Министерство за култура | Годишно |
| | ИА2: Дефинирани се процедури за обработка на податоци и одржување на регистерот и обезбедување на јавен пристап | | x | | КИР2: Број на изречени парични казни и/или укинати дозволи. | | x | | б1 | Министерство за култура | Годишно |
| | ИА3: Евидентирани се операторите на кабелски телевизии и други корисници на авторски права (за да се прикажат броевите на регистрирани авторски права на сите сметки и потврди) | | x | | КИР3: Број на прекршувања на авторксите права, евидентиран во Инспекторатот. | | x | | б1 | Министерство за култура | Годишно |

| | | | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | ИА4: Воведени се и актуелизирани санкции против сторителите на прекршувањата на Законот за непочитување на правилото од ИА 3, и укинување на лиценцата за работа. | | x | | КИР4: Број на одземени лиценци за работа ПОДЕЛЕНО СО број на доделени лиценци | | x | | б1 | Министерство за култура | Годишно |
| | ИА5: Изменет е Законот за авторски и други сродни права и е воспоставен Инспекторат во рамките на Министерството за култура, зголемен е капацитетот на инспекторите за извршување на инспекции поврзани со авторското право и сродните права вклучувајќи и координација со другите релевантни агенции за спроведување на Законот | | x | | | | | | | | |

| Приоритетен проблем бр. 6 од Столбот VI- Граѓанско општество, медиуми и синдикати | |
|---|---|
| **Проблем бр. 6 од VI столб:**<br><br>**Слаби и зависни синдикални здруженија** | **Оправдување:**<br><br>**Националните сојузи на синдикати не се целосно независни во нивното раководство и финансирање. Недоволната независност создава простор за политички влијанија, вклучувајќи и притисок за поддршка на конкретни политички партии и канидати во изборите. Владините ресурси се насочени кон претпочитање на одредени сојузи на синдикати, без јасни и објективизирани критериуми. Овој ’клиентелизам‘ претставува користење на јавни овластувања и ресурси на партиски придобивки што е вид на корупција. Тоа, исто така, ја поткопува независноста и кредибилитетот на секторот на синдикатите како социјален партнер на Владата.** |
| | |
| | **Статус во однос на постојната програма и план:**<br>**Проблемот е целосно нов, односно истиот воопшто не е содржан во предходната Државна програма за превенција и репресија на корупцијата.** |

| **Проблем 6 Активност 6А-В** | **Посочени се можни индикатори на активности (ИА) поврзани со Проблемот #6, доколку е преурането за КИР (клучни индикатори на работењето) да покажат резултат**<br><br>**(ИА „може“ да се предложат, а КИР се „задолжителни“)** | **краткорочни резултати се видливи** | **среднорочни резултати се видливи** | **долгорочни резултати се видливи** | **КИР за секоја активност поврзана со Проблемот бр. 6** | **краткорочни резултати се видливи** | **среднорочни резултати се видливи** | **долгорочни резултати се видливи** | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| **Активност 6А:**<br>**Преглед и подобрување на правната рамка за воспоставување на транспарентни и објективизирани критериуми за можното добивање на државни буџетски средства за синдикални сојузи на национално ниво** | ИА1: Изменет е Законот за буџет на РМ и Законот за извршување на буџетот на РМ | x | | | КИР1: Износ на добиени средства по намени | x | | | б1 | Министерство за финансии | годишно |
| **Активност 6Б:**<br>**Утврдување на единствени критериуми за добивање на донации од јавните претпријатија за синдикатите** | ИА1: Изменета е законската регулатива што го уредува располагањето со средства во јавните претпријатија | x | | | | | | | | | |
| | ИА2: Редовна финансиска ревизија на јавните претпријатија за донациите доделени на синдикатите | x | | | | | | | | | |
| **Активност 6В:**<br>**Забрана за политички активности на синдикатите и учество во изборни кампањи** | ИА1: Внесена е забрана во законската регулатива што го уредува синдикалното здружување за политички активности и учество во изборни кампањи на синдикатите (да се ограничи улогата на синдикатите само во социјална, економска и трудова сфера | | x | | КИР1: Број на прекршители на забраната за политичко ангажирање на синдикатите | | x | | б1 | Мониторинг мисии за следење на изборите | Годишно |

## КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| **АДС** | Агенција за државни службеници |
| **АКРМ** | Адвокатска комора на РМ |
| **ГО** | Граѓанска организација |
| **ДДВ** | Данок за додадена вредност |
| **ДЗГР** | Државен завод за геодетски работи |
| **ДЗР** | Државен завод за ревизија |
| **ДИК** | Државна изборна комисија |
| **ДКСК** | Државна комисија за спречување на корупцијата |
| **ДПИ** | Државен просветен инспекторат |
| **ЕЛС** | Единици за локална самоуправа |
| **ЕУ** | Европска унија |
| **ЗВ** | Закон за влада |
| **ЗК** | Закон за концесии |
| **ЗЛС** | Закон за локална самоуправа |
| **ЗОРОДУ** | Закон за организација и работата на органите на државната управа |
| **ЗОУП** | Закон за општа управна постапка |
| **ЗСК** | Закон за спречување на корупцијата |
| **ЗСПИЈК** | Закон за слободен пристап до информациите од јавен карактер |
| **ЗУС** | Закон за управни спорови |
| **ИА** | Индикатор на активност |
| **ИТН** | И така натаму |
| **ЈО** | Јавно обвинистелство |
| **КЗПСПИЈК** | Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информациите од јавен карактер |
| **КИР** | Клучен индикатор на работењето |
| **МЗ** | Месни заедници |
| **МРТ** | Македонска радио телевизија |
| **МСП** | Мали и средни претпријатија |
| **МФ** | Министерство за финансии |
| **НБРМ** | Народна банка на РМ |
| **ОСЗ** | Органи за спроведување на законот |
| **СРД** | Совет за радиодифузија |
| **ССР** | Систем за следење на работењето |
| **СТО** | Светска трговска организација |
| **УЈП** | Управа за јавни приходи |
| **УКР** | Уредба за канцелариско работење |
| **УСАИД** | Агенција за меѓународен развој на Соединетите држави |
| **ФЗО** | Фонд за здравствено осигурување |

**а** - институциите веќе ги прибираат податоците
**б1** - институциите не ги мерат податоците, потребни се предуслови за прибирање на податоците
**б2** - институциите веќе работат на прибирање на податоците, но истите не се обврзани да ги достават до ДКСК
**в** - податоците не може да бидат прибрани во следните 5 години

## НАПОМЕНА

Јавната администрација ги опфаќа вработените во државните органи, стручните служби на органите на републиката (Собрание, Влада, Претседател, Уставен суд, Јавно обвинителство, судови, Јавно правобранителство, Народен правобранител и сл.), единиците на локалната самоуправа, јавните установи, фондови, јавни претпријатија и организации со јавни овластувања.

# СПИСОК НА УЧЕСНИЦИ

Државна комисија за спречување на корупцијата:

1. Мирјана Димовска, претседател
2. Зоран Додевски, член
3. Љубинка Муратовска Маркова, член
4. Илми Селами, член
5. Ариф Муса, член
6. Мане Колев, член
7. Цветко Мојсоски, член

За реализација на овој проект, на почетокот на февруари 2007, беше формиран тим на експерти, како подшка на Државната комисија за спречување на корупцијата:

- *Експерти за одредени столбови:* Д-р Наташа Габер (Столб 1 – Собрание, политички партии и политички систем); Драган Малиновски (Столб 2 - Правосудство); Д-р Борче Давитковски (Столб 3 - Јавна администрација и локална самоуправа); М-р Јован Јовчевски (Столб 4 - Институции за спроведување на законот); Д-р Димитар Ефтимоски и Д-р Горан Петрески (Столб 5 - Економски и финансиски систем и приватен сектор) и Д-р Ѓорѓе Иванов ( Столб 6 - Граѓанско општество, медиуми и синдикати).
- *Антикорупциски експерти*: Доц. Д-р Слаѓана Тасева (Македонија); Вецислав Караџов (PDI/Бугарија) и Д-р Патрик Миер (IRIS/USA)
- *Експерти за подобрување на работењето*: Клаус Виткун (PDI/Германија) и Луиса Шнајдер (PDI/Германија).
- *Раководење на проектот и мониторинг*: Владимир Георгиев (Секретаријат на ДКСК); Тања Георгиевска и Ивана Стрихиќ (USAID/World Learning, Македонија) и Патрик Кофлин, Директор на канцеларијата на World Learning во Македонија.

Претставници од институциите:

| **Институција / организација** | ***Претствник*** |
|---|---|
| Собрание на РМ | Марјан Маџовски |
| Претседател на РМ | Марија Симоска |
| Влада на РМ- Секретаријат за европски прашања | Џенк Сејфула<br>Јулијана Илиевска<br>Соња Стојадиновиќ |
| Генерален секретаријат на Влада на РМ | Сузана Картова- Кузмановска |
| Министерство за правда | Загорка Тнокоска<br>Никола Прокопенко<br>Маја Малјановска |
| Министерство за финансии | Трајко Спасовски<br>Маријан Поњавиќ |
| Министерство за економија | Оливера Цветанова |
| Министерство за образование и наука | Дијана Герасова<br>Вера Колевска |
| Министерство за здравство | Ружица Бошнакоска<br>Лирим Кардиу |
| Министерство за транспорт и врски | Хари Симеонов |
| Судски совет на Република Македонија | Александра Зафировска |
| Апелационен суд | Марика Матеска |
| Основни судови претставник | Лазар Нанев |
| Јавно обвинителство на РМ | Коста Петровски |
| Јавно обвинитлство  на РМ - Одделение за гонење на сторители на кривични дела од областа на организираниот криминал  корупцијата | Јован Илиевски |
| Народен правобранител на РМ | Драги Целевски<br>Кирил Ефремовски |
| Јавно правобранителство на РМ | Оливера Китанова |
| Академија за обука на судии и обвинители | Јелена Кадриќ<br>Тања Темелковска-Миленковиќ |

| | |
|---|---|
| Државен  завод за ревизија | Драгољуб Арсовски<br>Соња Цифорова- Симеонова |
| Агенција за државни службеници | Биљана Жагар- Николовска |
| Управа за јавни приходи | Соња Куновска-Марковска<br>Елизабета Дерменџиева |
| Биро за јавни набавки | Емил Јанчевски |
| МВР-СВКПС-Сектор за професионални стандарди | Анета Станчевска |
| Финансиска полиција | Башким Ќамили |
| Царинска управа | Жаклина Трајковска |
| Државен завод за геодетски работи | Нуредин Башкими |
| Биро за стоковни резерви | Гордана Ивановиќ |
| Дирекција за заштита на лични податоци | Маријана  Марушиќ |
| Комисија за заштита на правото за слободен пристап до информации од јавен карактер | Јорданка Стојкова |
| Државен завод за статистика | Кристина Рочевска |
| (Народна банка на РМ) - НБРМ | Момир Стоев |
| ЗЕЛС | Наташа Вртевска |
| Град Скопје | Бранко Трајчевски |
| Општина Велес | Аце Коцевски<br>Јадранка Стефкова |
| Општина Гази Баба | Ѓукшен Хоџиќ |
| Општина Дебар | Аргетим Фида |
| СДСМ | Цветанка Иванова |
| Совет за радиодифузна дејност | Фарук Омерагиќ |
| АПЕММ | Виктор Гроздановски |
| Здружение на новинари на Македонија | Газменд Ајдини |
| Јавни медиуми-електронски | Васил Велков |
| Печатени медиуми | Јана Стојкова |
| Центар за граѓанска комуникација | Герман Филков<br>Сабина Факиќ |
| Центар за развој на медиумите | Роберто Беличанец |
| Македонски институт за медиуми | Дејан Андонов |
| МОСТ | Дарко Алексов<br>Росана Поповска |
| Нулта корупција-Транспарентност | Мето Јовановски<br>Методи Зајков |
| Македонски центар за меѓународна соработка | Сашо Клековски |
| Адвокатска комора | Атанас Андреевски |
| Нотарска Комора | Петар Митков |
| Комора на извршители | Златко Пејовски |
| Стопанска комора на Македонија | Татјана Перовиќ-Митрова |
| Комора на медиатори | Панде Колемишевски |
| Синдикат КСС | Ружди Ибраими<br>Ристо Ајтов |
| Синдикат УПОЗ | Драге Јовановски |
| Државна комисија за спречување на корупцијата<br>Секретаријат | Софка Пејовска Дојчиновска<br>Маја Коневска<br>Влатко Иванов<br>Емилија Николиќ<br>Емрије Зубери<br>Адем Чучуљ |